# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ "ВАНЧО НИКОЛЕСКИ"
# ЛЕСКОЕЦ, ОХРИД

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за учебната 2025/26 година**



**Јули, 2026 година**
**Лескоец**

**Директор**
**Сашо Климоски**

## ВОВЕД

ООУ „Ванчо Николески” - Лескоец, Охрид, учебната 2025/26 година ја започна навреме, на 01.09.2025 година, а заврши на 10.06.2025 година со 180 наставни денови.

Во текот на учебната година во целост се реализираа наставните планови и програми одобрени од МОН. Планираните родителски средби, други средби со родители, како и состаноците на стручните органи и тела во текот на целата година редовно се реализираа со физичко присуство.

Врз основа на формативното следење на учениците, наставниците навреме ги оценија учениците, а успехот, редовноста и поведението беа утврдени на Наставнички совет на 10.06.2026 година за сите ученици.

Свидетелствата на учениците од IX одделение беа доделени на 12.06.2026 поради уписите во средно училиште, додека свидетелствата на учениците од I до VIII се доделија на 01.07.2026 година.

Во учебната 2025/26 година се применуваа нови наставни програми за I, II, III, IV, V, VI и VII одделение и старите наставни програми за VIII и IX одделение на деветгодишното основно образование (освен Слободните Изборни Предмети во VIII одделение кои беа по нова концепција), за што наставниците навремено ги доставија нивните планирања. Така, оваа учебна година од основното образование излезе дванаесеттата генерација ученици кои завршија IX одделение. Овие ученици своето образование ќе го продолжат во средно училиште, а за конкурсот и условите за уписи беа професионално ориентирани и запознаени преку средби и консултативни разговори од страна на стручната служба во текот на месеците мај и јуни 2026 година.

На почетокот на учебната година сите учениците добија бесплатни учебници дел од тие со кои располагаше училиштето, а останатите учебници беа навремено доставени од МОН. За првпат после неколку години сите ученици ги имаа сите потребни учебници за успешен старт на учебната година навремено.

Според однапред направен распоред дадените учебници во јуни беа вратени и предадени на следната генерација ученици. Исто така нарачани се и потребните комплети и учебници што недостасуваат за наредната учебна година.

Годишната програма за работа на училиштето беше навремено изработена според Правилникот од 08.07.2020 година, ги содржеше сите потребни елементи и прилози, и како таква разгледана на редовна седница на Наставнички совет и Училишен Одбор, запознаен беше Советот на родители, а потоа предложена и одобрена од Советот на општина Охрид.

Во текот на месец мај се реализира запишување на ученици за прво одделение за во Лескоец и за во подрачните училишта. Се запишаа вкупно 20 деца (16 во Лескоец и 4 во ПУ Косел). Во ПУ Куратица за следната учебна година не се запишаа првачиња. Сите запишани 20 деца се редовни обврзници и 17 од нив се родени 2020 година, додека 3 од нив се родени 2019 година (минатата година им се одложило запишувањето заради здравствени прблеми). и нема дете родено во јануари 2021 година. Со сите ученици беше направено набљудување и разговор комисијата за запишување првачиња (стручната служба и две наставнички од одделенска настава) во училиштето на 17.06.2026 година, кога беше пополнет нивниот матичен лист, а учениците добија потврда за запишување како првачиња во нашето училиште. Сите потребни податоци за новозапишаните ученици во I одд. во нашето училиште беа навремено испратени во ДПИ и БРО како што беше побарано од нив.

Од инфраструктурите проекти и проектите за подобрување на условите за учење и престој во училиштето, би ја истакнале целосната изградба на спортската сала и нејзино опремување со најсовремени средства за реализација на наставата по ФЗО и спортски игри. Овој проект беше во реализиација на општина Охрид, а свечено отворање на истата се случи во Април 2026 година, од кога и наставата по ФЗО започна да се реализира во истата.





Во однос на обезбедување техничка опрема и нагледни средства обезбедена е нова смарт табла преку Проектот за македонските училишта, која ќе се постави во кабинетот по информатика за следната учебна година, со што значително ќе се подобрат условите за работа не само на часовите по информатика, туку и на сите други часови, како и дигиталните компетенции на наставниците.

Во делот на програмски проекти, продолживме со имплементација на проектите што веќе се реализираат: „Проект за македонските училишта“ со нова апликација за грант, проектот „Училишта без пластика“, како и учество во меѓународни Е – твининг проекти. И оваа учебна година училишниот тим за проекти посебно внимание посвети на изработка на проекти и аплицирање со истите, како за подобрување на материјално-техничките услови, нагледноста, така и за професионален развој на воспитно-образовниот кадар (Еразмус плус, Macedonia schools project, итн.). Следува период на имплементација на КА1 Еразмус проект до Декември 2026 ќе реализираме две обуки на наставници во Турција и Шведска (вкупно 15 наставници и стручни соработници), како и период на очекување резултати од доставени апликации за Еразмус+ проекти, преку чие реализирање очекуваме да се стекнеме со нови знаења, вештини и способности од одредените теми. Еразмус+ проектите се нешто по што сме препознатливи во општина Охрид и ја имаме поддршката од локалната средина.

Во однос на планираните меѓународни Е - твининг проекти се работеше на 3 проекти:

- „Easy English with AI“ – во кој беа вклучени ученици од VIII и IX одделение, а партнери беа ученици од Македонија, Турција, Грција, Полска, Литванија и Романија. Целта на овој проект беше да им се помогне на учениците да научат основен англиски речник и изрази на забавен и ефикасен начин.
- Superheroes of the future - во кој беа вклучени ученици од VII одделение, а партнери беа ученици од Македонија, неколку училишта од Турција, Романија и Јордан. Целта на овој проект беше да се подобрат животните вештини на учениците, вештините за разбирање на читањето и изразување, да се подигнат инклузивни и самоуверени поединци кои можат да препознаваат дезинформации во нивните животи, да се поврзе математичкото размислување со секојдневниот живот, да се подигне свеста за животната средина и науката,

да се промовира безбедна и одговорна употреба на дигитални алатки, како и да се поддржи соработката, емпатијата и одговорноста

- „Easter postcards – Traveling through languages“ - каде беа вклучени ученици од VI одделение, а партнери беа ученици од Македонија, Италија, Романија, Словачка, Литванија, Хрватска, Полска, Грција и Шпанија, насочен кон промовирање на културно вмрежување и јазична разновидност кај учениците на возраст од 6 до 14 години.

И оваа учебна година координаторот на Проектот за македонските училишта посебно внимание посвети на изработка на апликација за подобрување на материјално - техничките услови, односно опремување на кабинетот по информатика со смарт табла. Добивме позитивни одговори од апликацијата доставена до Здружението на граѓани Macedonia schools project, кои ни обезбедија смарт табла и до почетокот на учебната 2026/27 година треба да биде поставена.

Активностите од реализација на активности во рамки на проектите: Еразмус+, Macedonia schools project, Проектот ПМИО и други активности во соработка со здруженија и НВО организации беа промовирани и преку нашите веб страна, но и во сите локални, па дури и национални медиуми.

Во контекст на *проектот* ***"Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем",*** наставниците во своите годишни и дневни планирања испланираа и реализираа наставни содржини поврзани со деветте теми: 1. Заштеда на вода, 2. Заштеда на енергија, 3. Одржување на зградата и здрава животна средина во училиштето, 4. Уреден училишен двор, 5. Отпад, 6. Биодиверзитет, 7. Транспорт, 8. Здравје и 9. Одржлив развој.

Оваа учебна година повторно се реализираа посети со збратименото училиште ОУ “Светозар Маркович” од Лесковац, Република Србија на нивниот и нашиот ден на училиштето. Имено, делегација од 6 наставници и директорот беа гости на нивната свеченост по повод Денот на училиштето во декември 2025, а 7 наставници и 4 ученици беа гости на нашата свечена приредба по повод Патрониот празник на училиштето, во мај 2026 година, кога имаа и свој настап на свечената програма по повод нашиот патронен празник. Со тоа се продолжи 13 годишното дружење кое го имаме со ова училиште, а после неколкугодишен прекин продолжуваме со учество на ученици во меѓусебната посета и програма. Со збратименото училиште имаме соработка, комуникација и желби за идни заеднички планови и активности.

Изминатава учебна година поголемиот дел од наставниците секојдневно ги испраќаа своите унифицирани дневни оперативни планирања на е-маил адреса во училиштето, специјално отворена за таа намена. До истата пристап имаа директорот и стручната служба, кои секојдневно вршеа увид во дневните планирања и водеа забелешки за нивната редовност. Евиденцијата за испратени неделни, оперативни планови и сценарија е уредно архивирана во канцеларијата на ППС и се зема во предвид при оценување на водењето на ПЕ и Д од страна на наставниците.

Во оваа учебна година во периодот од 26 до 28 Февруари 2026 година во нашето училиште беше спроведена Интегрална евалуација од тим на тројца просветни инспектори. Ја спроведоа планираната агенда, имаа состаноци со претставниците од Совет на родители и Училишниот одбор, посетуваа часови, разговараа со директорот, стручните соработници и наставниците, а направија увид и врз документацијата која беше побарана и дадена на увид во училиштето. Сеуште немаме добено официјален извештај, но нивните впечатоци и усни заклучоци беа позитивни, и според нив имаме

напредок од минатиот пат во повеќе аспекти. По добиениот извештај од инспекторите ќе пристапиме кон изготвување акционен план за надминување на слабите страни.

Оваа учебна година во училиштето имаше продолжен престој за учениците од одделенска настава во Лескоец, а одговорниот наставник редовно и уредно испраќаше извештаи до стручната служба и до родителите на учениците.

На почетокот на учебната 2025/26 година добивме три образовни асистенти од Ресусурсниот центар во Битола, едниот за ученик во V одделение кој работи по модифицирана програма, а другите два образовни асистенти за ученици во I и VI оддделение со кои се по ИОП. Многу често образовните асистенти заедно со учениците корисници ја користеа инклузивната соба за престој и постигнување на целите. Имавме уште еден ученик со посебни потреби кој оваа учебна година посетуваше редовна настава во II одделение и сметаме дека неопходно треба да има образовен асистент, но во учебната 2025/26 немавме образовен асистент за него, иако побаравме откако добивме МКФ. Наставничката во чија паралелка учеше ученикот со ПОП, а немаше образовен асистент, со потешкотии ја реализраше наставата во текот на целата учебна година.

Во училиштето функционираа училишен инклузивен тим и пет тима за инклузија на пет ученици со посебни потреби, составени од: директорот, педагошко – психолошката служба, наставници, родител, одделенски наставник и образовен асистент (евентуално). Преку заеднички консултации и состаноци на овие тимови, се планираше работата со учениците со посебни потреби и се водеше соодветната евиденција од нивниот напредок. Тимовите даваа соодветна поддршка на работата на наставниците и образовниот асистент со УПОП.

## УСЛОВИ ЗА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА РАБОТА

Како поставени приоритетни задачи во годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/26 година имавме поставено 10, и тоа:

1. Решавање на имотно-правните односи на училиштето.
2. Изградба на медиотека во Лескоец.
3. Осовременување на наставата и професионален развој на наставниците.
4. Обезбедување дефектолог во училиштето.
5. Уредување на паркингот на училиштето во Лескоец.
6. Хортикултурно уредување на дворот позади училиштето во Лескоец.
7. Изградба на мултифункционално игралиште во Лескоец.
8. Изградба на настрешница на влезот во ПУ Куратица.
9. Реновирање на училницата за продолжен престој во ПУ Косел.
10. Поставување громобран на зградата во Лескоец.

**Некои од приоритетите** не успеавме да ги реализираме, дел од нив бидејќи не обезбедивме средства за реализација на истите, а некои од нив поради пречки на кои наидувавме, но повеќето од нив остануваат да се реализираат во следната учебна година како што се: уредување на паркингот на училиштето во Лескоец; хортикултурно

уредување на дворот позади училиштето во Лескоец; изградба на мултифункционално игралиште во Лескоец; изградба на настрешница на влезот во ПУ Куратица и поставување громобран на зградата во Лескоец.

**Првиот приоритет**, Решавање на имотно-правните односи на училиштето, сеуште не успеавме да го решиме, но спортската сала заради која најмногу се залагавме да го реализираме овој приоритет, се изгради на државно земјиште. Секако останува залагањето да се решаваат тие односи и во иднина.

**Третиот приоритет*, Осовременување на наставата и професионален развој на наставниците*,** го реализиравме во континуитет и по потреба. Во делот осовременување на наставата, обезбедена е нова смарт табла преку Проектот за македонските училишта, која ќе се постави во кабинетот по информатика за следната учебна година, со што значително ќе се подобрат условите за работа не само на часовите по информатика, туку и на сите други часови, како и дигиталните компетенции на наставниците. Исто така набавени се многу реквизити и комплетна спортска опрема за целосно опремување на новата спортска сала, со што квалитетот на наставата по ФЗО значително се подобри. Во делот на професионален развоја на наставниците и стручните соработници во континуитет го реализираме овој приоритет, давајќи информации за обуки, вебинари организирани за подобрување на компетенциите на наставниот кадар и стручните соработници, а исто така организирајќи интерни обуки и работилници од страна на стручната служба и во рамки на стручните активи. Во текот на учебната 2025/26 година имаше обуки за наставниците за новите наставни програми, за стручната служба за кариерно советување и професионална ориентација на учениците, а исто така имаше и обука за наставникот со звање ментор за подобрување на неговите компетенции и сите беа во рамки на акредитирани обуки од БРО, организирани од БРО, МОН или од други организации и акредитирани институции. Сите обуки се однесуваа за успешно реализирање на наставата по одредени наставни предмети и внесување на некои новини во наставата и работата.

Во однос на **четвртиот приоритет**, ***Обезбедување дефектолог во училиштето***, испратено е барање до МОН, но се’ уште не е обезбеден дефектолог од нивна страна. Во овој контекст на почетокот на учебната 2025/26 година успеавме да добиеме три образовни асистенти од Ресусурсниот центар во Битола, едниот за ученик во V одделение кој работи по модифицирана програма, а другите два образовни асистенти за ученици во I и VI оддделение со кои се по ИОП. Но, имавме уште двајца ученици со кои се работеше по ИОП (во II и VIII одд.) и за следната учебна година поднесувме барања за образовни аситенсти на сите 5 ученици, плус и еден новозапишан ученик во пI одделение кој веќе има МКФ проценка.

Деветтиот приоритет, односно ***Реновирање на училницата за продолжен престој во ПУ Косел*** е започнат да се реализира и се надеваме дека до почетокот на новата учебна година училиницата ќе биде реновирана во целост.

Унапредувањето на воспитно - образовниот процес е наша клучна определба и секоја учебна година се посветува посебно внимание. Пред почетокот на изминатата учебна година посебен акцент се стави на годишните планирања, неделните планирања и сценаријата, јакнење на капацитетите за реализација на наставата, структурирање на часовите, водење на ПЕиД (посебно во делот на новите Обрасци 15, 16 и 17 за воннаставни активност, дополнителна и додатна настава), ефективност на часовите, размената на искуства во рамки на стручните активи, консултативни разговори, работа со наставници кои имаа потреба од поддршка, професионален развој на кадарот, сè со цел интерактивна настава, поголема ефективност на

наставата, зачувување на стандардите на квалитет, но во исто време креирање здрава безбедна училишна средина и зачувување на менталното здравје на учениците.

Исто така зголемување на безбедноста на учениците и можностите за изготвување и вклучување во проекти, беше наш императив изминатава учебна година. Учениците беа постојано вклучувани во разни активности и проекти, се' со цел стекнување подобри знаења и вештини, но и промовирање на училиштето. Сигурни сме дека подобрените услови за работа, стекнатите нови искуства и знаења на воспитно – образовниот кадар ќе придонесат за постигнување подобри воспитно - образовни резултати во годините што следуваат.

## ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ РЕЗУЛТАТИ НА УЧЕНИЦИТЕ
## Јуни 2025/26 година

### ЦУ ЛЕСКОЕЦ

На крајот од оваа учебна година во централното училиште во Лескоец наставата ја завршија вкупно 213 ученици, од кои 114 во одделенска, а 99 ученици во предметна настава.

Учениците од I - III (70) се описно оценети, додека учениците од IV до IX (143) одделение се оценети бројчано.

Од I – III одделение од вкупно 70 ученици, 50 целосно ги постигнале поставените цели, 17 делумно ги постигнале поставените цели, додека 1 ученик не ги постигнал целите.

Од IV – IX од вкупно 143 оценети ученици, 65 се одлични, 38 се многу добри, 37 се добри, 2 се доволни и нема ученици со слаби оценки.

Два ученици во одделенска настава и два ученици во предметна настава се оценети по ИОП. Еден ученик во одделенска настава е оценет по модифицирана програма.

Во однос на редовноста состојбата во Лескоец е следна:

- Во одделенска настава на годишно ниво направени се вкупно 2486 изостаноци и сите се оправдани.
- Во предметна настава на годишно ниво направени се вкупно 4356 изостаноци, од кои 192 се неоправдани.
- На ниво на училиште во Лескоец направени се вкупно 4356 изостаноци на годишно ниво, од кои 192 неоправдани, или во просек по 20,5 изостаноци по ученик.

Во однос на минатата година истиов период се направени 1391 изостаноци помалку.

### ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

Дисциплината и почитувањето на куќниот ред од страна на учениците во текот на годината беа делумно на задоволително ниво. Во текот на учебната година беа изречени вкупно 18 педагошки мерки и тоа: 1 усна опомена, 7 писмени опомени, 7 укори и 3 намалени поведенија. Но на крајот на учебната година поради подобрување на учениците мерките беа повлечени и сите ученици го завршија одделението со примерно поведение.

## УСПЕХ ПО ПРЕДМЕТИ

Од вкупно 22 предмети што се изучуваат во предметна настава, општ одличен успех е постигнат по предметите: ФЗО, музичко образование и филозофија за деца. Општ добар успех е постигнат по предметот германски јазик. По сите други предмети е постигнат општ многу добар успех.

Од споредбениот преглед на успехот по предмети во предметна настава може да се забележи дека 4 наставни предмети бележат подобар успех во однос на минатата година истиов период. Тоа се: ликовно образование (+0,21), физика (+0,18), граѓанско образование (+0,17) и иновации (+0,06). Сите други предмети бележат послаб успех.

Највисок среден успех постигнат е по ФЗО (4,61) од задолжителните предмети, додека најслаб успех е постигнат по германски јазик (3,35).

За учениците од VI до IX е пресметан среден успех 3,95 истиот е за 16 стотинки понизок од минатогодишниот во Лескоец (4,05).

## УСПЕХ ПО ПАРАЛЕЛКИ

Од паралелките кои се бројчано оценети, надобар среден успех бележат VIб (4,17). Следуваат: VIIIб (4,14); VIа (4,04); VIIIа (3,87); VIIа (3,72); IXб (3,69); VIIб (3,53) и IXа (3,33). Во однос на минатата учебна година паралелките VIа и IXб бележат повисок успех од лани, а другите бележат понизок успех споредено со лани.

## ПУ КОСЕЛ, ПУ КУРАТИЦА И ПП ЛИВОИШТА

Во подрачните училишта оваа учебна година наставата ја следеа 36 ученици во ПУ Косел и 9 ученици во ПУ Куратица. Вкупно 45 ученици од I – IX одд. Од вкупно 45 ученици, 28 се во одделенска настава, додека 17 се во предметна настава.

Описно се оценети 14 ученици, од I – III одделение и се распоредени по категории и тоа: 9 се во прва категорија, 4 се во втора категорија и 1 ученик е во трета категорија.

Учениците од IV до IX одделение се оценети бројчано, и тоа: од вкупно 31 ученици, 15 се одлични, 12 многу добри, 4 се добри и нема ученици со слаби оцени во ПУ во овој период.

Во однос на редовноста на учениците во подрачните училишта, состојбата е следна:

- Во одделенска настава на годишно направени се 463 изостаноци, сите оправдани.
- Во предметна настава во ПУ на годишно ниво направени се 352 изостаноци, од кои 6 се неоправдани.
- На ниво на подрачни училишта направени се вкупно 815 изостаноци, од кои 6 се неоправдани.
- Во однос на минатата година истиов период бројот на изостаноци е намален за 993 изостаноци. Просечно по ученик се 18,1 изостаноци.

## ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

Дисциплината и почитувањето на куќниот ред од страна на учениците беа на задоволително ниво. Во текот на учебната година не беа изречени педагошки мерки во подрачните училишта.

## УСПЕХ ПО ПРЕДМЕТИ

Во предметна настава во подрачните училишта општ одличен успех е постигнат по предметите: ликовно образование, музичко образование, ФЗО, историја и општетсво, историја, граѓанско образование и изборните предмети: филозофија за деца, воведување во историја на уметност и проекти од ликовна уметност. По сите други предмети е постигнат општ многу добар успех. Најслаб успех во ПУ е постигнат по математика (3,56), а најдобар по: филозофија за деца, воведување во историја на ликовна уметност и проекти од ликовна уметност (5,00). Во однос на успехот на наставните предмети споредени со лани 6 предмети бележат послаб успех: германски јазик (-0,04), математика и ликовно образование (- 0,21), хемија (-0,44), англиски јазик (-0,51) и физика (-0,95), додека сите останати предмети бележат подобар успех споредено со лани.

За паралелките од VI до IX од ПУ е пресметан среден успех 4,22 и е за 1 стотинка послаб од минатогодишниот (4,23)

## УСПЕХ ПО ПАРАЛЕЛКИ

Рангирани според најдобар успех паралелките од ПУ се: VII Косел (4,45); VIII Косел (4,32); VI Косел (4,28); IX Косел (4,07) и VIII Куратица (3,79).

Во однос на минатата учебна година паралелките VII Косел и VIII Косел бележат повисок успех, а другите бележат послаб успех споредено со лани.

## ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ РЕЗУЛТАТИ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ

Наставата во текот на годината на ниво на училиште ја следеа вкупно 258 ученици (за 2 повеќе од минатата година). Од нив 84 се описно оценети, 174 се бројчано оценети.

Од описно оценетите ученици од I – III одделение 59 се во прва категорија, 21 се во втора категорија, а само 2 се во трета категорија. (2 по ИОП)

Од бројчано оценетите вкупно 174 ученици, 80 се одлични, 50 се многу добри, 41 се добри, 2 се доволни и нема ученици со слаби оцени. ( 2 по ИОП, 1 модифицирана)

Четворица ученици се оценети по ИОП и еден ученик е оценет по модифицирана програма.

На ниво на училиште направени се вкупно 5171 изостанок, 4973 оправдани, а 198 неоправдани. Просечно секој ученик направил по 20 изостаноци. Во однос на минатата учебна година направени се 2384 изостаноци помалку.

На крајот на учебната година сите 258 ученици се оценети со ПРИМЕРНО ПОВЕДЕНИЕ.

Во IV - IX одделение постигнат е среден успех 4,09 што е за 5 стотинки понизок од минатата учебна година (4,14).

## ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

### А) Слободни ученички активности

Оваа учебна година слободните ученички активности беа застапени во паралелките од предметна настава, како во централното, така и во подрачните училишта.

Учениците на почетокот од учебната година сами се определуваат во која секција сакаат да членуваат, а во текот на работењето на секцијата се реализира програма изработена од одговорниот наставник. Сите наставници кои водеа секција во месец септември доставија програма за работа на секцијата и список на ученици членови на секцијата до стручната служба, а активностите во рамки на секциите уредно ги водеа во Образец 15, за да на крај после извршен увид во истите од страна на ППС добијат архивско бројче за евидентирање.

Во училиштето во целост работеа: Еколошка секција (во Лескоец), Ликовна секција, Драмска секција во ПУ Косел, Прва помош и заштита, Млади физичари, 3Д моделирање и печатење, Литературно – рецитаторска секција, како и Спортска секција во Лескоец, Косел и Куратица. Нивните активности дојдоа до израз при учеството на литературните конкурси, при учество на натпревари во знаење и спорт, како и при одбележувањето на празници и прослави во училиштето и надвор од него.

## ЛИКОВНА СЕКЦИЈА

Во учебната 2025/26 година за ликовната секција беа пријавени 8 ученици, 3 машки и 5 женски, а ја водеше наставничката Зорица А. Спасеска. Ликовната секција се одржуваше во среда, во прва смена после часови, а во втора смена пред почеток на часовите. Програмата која беше предвидена за работа на ликовната секција беше реализирана во целост, вкупно 36 часа. Целите кои беа планирани беа исполнети, учениците беа исполнителни и вредни во завршување на своите работни задачи.

Учениците стекнаа одлична способност за креативно ликовно творење, како во индивидуална, така и во групна работа. Тековно изработките беа изложувани на паноата во училишниот хол.



Активности на учениците од ликовната секција во текот на учебната 2025/26 година:

- ✓ Сезонско естетско уредување на холот во училиштето
- ✓ Украси за Нова Година и Новогодишната приредба
- ✓ Изложба и конкус по повод Патрониот празник на училиштето-уредување на паноата

И оваа година членовите на ликовната

секција водени од одговорниот наставник изработија три ѕидни мурали:

- Верувај дека можеш да го промениш светот
- Има толку прекрасни нешта во светот за кои можеме да бидеме среќни
- Ликовна и музичка уметност,тие одат заедно!

Членовите од ликовната сеција имаа учество на ликовен конкурси во нашата држава, и тоа на тема „Холокаустот низ призмата на детските очи“.











## ЕКОЛОШКА СЕКЦИЈА ВО ЛЕСКОЕЦ

Во текот на учебната 2025/26 година, еколошката секција успешно ги реализираше предвидените активности со цел развивање на еколошката свест, поттикнување на одговорно однесување кон животната средина и создавање позитивни навики кај учениците. Во работата на секцијата активно беа вклучени 28 ученици од VI и VII одделение, а одговорни наставници беа наставничката по географија Татјана Пуцоска Бунчевска и наставничката по биологија Габриела Ѓоргиевска. Учениците преку различни активности, работилници, акции и јавни настани имаа можност да стекнат нови знаења и практични искуства поврзани со заштитата на природата, здравјето и одржливиот развој. Еколошката секција беше формирана во септември, а исто така беше одбрано и раководство на секцијата. Потоа учениците беа запознати со планот и

програмата за работа.



Работата на секцијата започна во **септември** со одбележувањето на *Светската недела на мобилноста*, при што учениците во соработка со здружението Ехелеус – Лихнид, учествуваа во промотивно возење велосипеди. Преку оваа активност беше испратена порака за значењето на велосипедот како еколошки прифатливо превозно средство, кое придонесува за намалување на загадувањето и создавање поздрава и поквалитетна животна средина.

Во **октомври** беше одбележан *Денот на здрава храна* преку разговори и активности со кои учениците се запознаа со важноста на правилната и балансирана исхрана и нејзиното влијание врз здравјето и квалитетот на животот.

Во **ноември** нашето училиште, како едно од трите „Училишта без пластика“, активно учествуваше на јавниот настан *„Чисто е убаво – Охрид селектира!“,* организиран на градскиот плоштад. Учениците од еколошката секција, заедно со ученичкиот парламент, преку интерактивни игри и разговори ги едуцираа граѓаните за правилното селектирање и управување со отпадот, истовремено развивајќи чувство на општествена одговорност и активен граѓански ангажман.







Во **декември** беше одбележан *Светскиот ден за борба против СИДА*, при што учениците преку презентација беа запознаени со важноста на превенцијата, грижата за сопственото здравје и развивањето здрави животни навики. Во истиот месец претставници од еколошката секција учествуваа во продажба на текстил од втора рака во Ohrid Mall, каде што практично се запознаа со значењето на повторната употреба

на облеката и намалувањето на текстилниот отпад како дел од концептот на одржливо живеење.





Во второто полугодие продолжија активностите посветени на заштитата на природните ресурси и животната средина. По повод *Светскиот ден за заштеда на енергија*, учениците реализираа активности преку кои ја согледаа потребата од рационално користење на енергијата и примената на енергетски ефикасни навики во секојдневниот живот.



Во **март** учениците учествуваа и во акција за пошумување во Ресен, со што непосредно придонесоа кон збогатување на шумскиот фонд и подобрување на квалитетот на животната средина. Воедно беше одбележан и *Денот на екологијата* преку активности насочени кон развивање на свеста за значењето на природните ресурси и нивното зачувување за идните генерации. Учениците од предметна настава направија генерално чистење на своите училници, училишниот хол и дворот на училиштето, додека учениците од одделенска настава имаа еколошка акција за сонирање отпад околу училиштето.





Во **април** беше одбележан *Светскиот ден на здравјето*, а посебно внимание беше посветено на *Денот на планетата Земја*. По тој повод беше организирана едукативна работилница во која учениците работеа во групи, анализираа различни видови отпад и времето потребно за нивно распаѓање, следеа едукативни содржини и

предлагаа конкретни мерки за намалување на загадувањето и зачувување на реките, езерата и планините. Ваквите активности придонесоа учениците да развиваат критичко размислување, чувство на одговорност и навики за активно учество во решавањето на еколошките предизвици.





Во текот на **мај** секцијата се вклучи во националната акција „*Генералка викенд*“, како дел од иницијативата „Училишта без пластика“, а истовремено беа одбележани и *Меѓународниот ден за заштита на климата* и *Светскиот ден против пушењето*. Преку овие активности учениците се запознаа со последиците од климатските промени, важноста на индивидуалната одговорност во нивното ублажување, како и штетното влијание на пушењето врз човековото здравје и животната средина.

Севкупно, работата на еколошката секција во текот на учебната година беше успешна и динамична, а учениците покажаа голем интерес, мотивираност и одговорност во реализацијата на активностите. Преку практична работа, соработка со локалната заедница и учество во бројни едукативни и еколошки иницијативи, тие ги продлабочија своите знаења и изградија позитивни ставови и навики за активно учество во зачувувањето на животната средина и создавањето одржлива иднина.

## ПРВА ПОМОШ И ЗАШТИТА

Во текот на учебната 2025/2026 година во ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец, Охрид, се реализираше секцијата **Прва помош и заштита,** а одговорна беше наставничката Емилија Блажеска. Секцијата беше водена според претходно изготвена програма, со цел учениците да стекнат основни знаења, практични вештини и правилен однос кон укажувањето прва помош, хуманоста, солидарноста и одговорното однесување во ситуации на повреда или опасност.



На часовите учениците се запознаа со историјатот, значењето и основните принципи на Црвениот крст и Црвената полумесечина: хуманост, непристрасност, неутралност, независност, доброволна служба, единство и универзалност. Посебно внимание беше посветено на развивање чувство за одговорност,

помагање на повредено лице и правилно постапување во итни ситуации.

Во рамките на секцијата беа реализирани содржини поврзани со стандардни средства за укажување прва помош, обезбедување на просторот, лична заштита, добивање согласност за укажување прва помош, психолошка поддршка и известување на службите за помош. Учениците учеа и практично вежбаа препознавање на различни видови повреди, правилно поставување на повредено лице во странична положба, техники на преврски, сопирање крварење, постапување при скршеници, имобилизација, изгореници, топлотен удар, сончаница, смрзнатини и епилептичен напад.



Секциските активности се реализираа преку објаснување, демонстрација, практична работа, вежби во парови и групи, симулации на ситуации и повторување на постапките за правилно укажување прва помош. Учениците покажаа интерес, дисциплина и желба за учество во практичните активности. Особено успешно ги совладаа техниките на преврзување, поставување во странична положба, постапување при крварење и основните правила за безбедност при укажување прва помош.




Како резултат на континуираната работа, членовите на секцијата учествуваа на **општински натпревар по прва помош**, каде што покажаа солидно теоретско знаење, практична подготвеност, тимска соработка и одговорен пристап кон зададените ситуации. На натпреварот екипата освои **второ место**, што претставува значаен успех за учениците, за секцијата и за училиштето.

## 3Д МОДЕЛИРАЊЕ И ПЕЧАТЕЊЕ

Во оваа секција членуваат ученици од VIII и IX одделение, вкупно 10, а истата ја води наставникот по информатика Горан Матески. Се реализира во кабинетот по информатика, кој е опремен со современа компјутерска и машинска технологија, за гравирање, моделирање и печатење, а од оваа година дозбогатена со уште 7 нови компјутери (вкупно 14 нови компјутери).

Целта на оваа секција е учениците да ги прошират своите знаења за векторската графика, 3D моделирањето, да ја зголемат својата креативност и учеството во разни проекти. Преку запознавање со работата и придобивките од користење на 3D печатар и ласерска машина, учениците се стекнаа со знаења за добивање готови продукти, како од идеја до реализација, како и да го разберат процесот за развивање нови продукти во индустријата. Во рамки на оваа секција се изготвија новогодишни украси кои беа продавани на Новогодишниот базар.

## ЛИТЕРАТУРНО – РЕЦИТАТОРСКА И ДРАМСКА СЕКЦИЈА

Оваа секција ја водеше наставничката по македонски јазик, Елизабета Вељаноска. Учениците од VIа одделение од Лескоец оваа учебна година, активно и со голем интерес учествуваа во литературно - рецитаторската и драмската секција. Нивните актерски вештини учествувајќи во драматизации им овозможуваа да ги искажат своите скриени желби, самодовербата, сигурноста во себе и градењето на личниот идентитет.

На часовите по драмска секција се работеше со голема љубов, со која ја прифаќаат улогата која им беше одредена и несебично се трудеа да се поистоветат со истоимениот лик. Дарбата и мотивацијата на овие ученици дојде до израз на приредбите за Нова година и на нашиот Патронен празник во склоп на училиштето.

## СПОРТСКА СЕКЦИЈА ЛЕСКОЕЦ

Спортската секција во Лескоец ја водеше наставничката по ФЗО, Наталија Јованова. Учеството во спортската секција придонесе за правилен психофизички развој, зајакнување на здравјето, градење навики за здрав живот, спортска активност и култура на добро држење на телото кај ученикот. Континуираниот ангажман го поттикна натпреварувачкиот дух и социјализацијата што придонесува во градење на самодоверба кај ученикот, кој осозна дека преку спортот со упорност и со истрајност може да се надминат предизвиците од секојдневните животни ситуации.

Учениците учествуваа во повеќе натпревари кои беа организирани од СУС Охрид (Шах, Футсал, Атлетика, Кошарка, Одбојка).

На турнирот по повод раѓањето на ,,Тодор Александров,,-ООУ,,Живко Чинго,, женската екипа во кошарка го освои третото место.

На општинскиот и регионалниот натпревар Атлетика учениците се натпреваруваа во следните дисциплини:

VIII-IX 100м (м-ж); VIII-IX 300м (м-ж); ѓуле VI- VII 60м (м,ж); VI- VII 300м (м,ж).

- ✓ Ученичката Андреа Базгалоска во дисциплината трчање на 100 и 300м освои третото место и се пласираше на државен натпревар каде зема учество.
- ✓ Ученичката Јована Јованоска во дисциплината трчање на 60 и 300м освои второ место - 60м и се пласираше на државен натпревар каде зема учество.
- ✓ Ученичката Марија Андреска во дисциплината трчање на 60 и 300м освои третото место - 60м и се пласираше на државен натпревар. На државниот натпревар кој се одржа во Куманово ученичката освои II место.

По повод Патрониот празник на нашето училиште беа организирани училишни натпревари шах и пинг-понг во машка и женска конкуренција.

## СПОРТСКА СЕКЦИЈА ПУ КОСЕЛ

Во учебната 2025/26 година беше изготвена програма од 36 содржини, со истите беа запознаени учениците во секцијата, а ја водеше наставникот по ФЗО, Игор Настоски. Низ оваа секција беа разработени различен вид на шаховски тактики, конкретни шах позиции, изведување на шаховски наоади, реализација на замислена шаховска стратегија. Им беше укажано за значењето на шахот, за придобивките од практикувањето на истиот. Исто така учениците беа запознаени со временско терминирање на еден шаховски потег, запишување на секој шаховски потег, како и за изучување на шаховски вештини со помош на компјутер. Во рамките на шаховската

секција беа одржани неколку турнири, на кои што на најдобрите им беа доделени награди.



Најдобрите ученици зедоа учество на општинскиот поединечен натпревар во шах, како и екипните натпревари организирани од шаховскиот клуб Ласкер и сојузот за училишен спорт Охрид, на кој покрај благодарници за учениците, беа доделени две табли шах за училиштето.



Учениците Алекса Лланес и Бојан Спироски учествуваа на турнирот во шах по повод патрониот празник на училиштето, при тоа Алекса Лланес го освои првото место во женска конкуренција, додека Бојан Спироски беше трет во машка.

На крајот од школската година, учениците беа запознаени со можноста да се запишат во шаховскиот клуб „Ласкер" – Охрид и им беше споделен промотивен материјал. Исто така учениците беа мотивирани од страна на наставникот да ја практикуваат шаховската игра за време на летниот распуст.

## СПОРТСКА СЕКЦИЈА ПУ КУРАТИЦА

Програма од 36 активности за оваа секција во ПУ Куратица ја водеше наставникот Владимир Наумоски. На почетокот учениците беа запознаени со целите и задачите на секцијата, како и со планираните активности од областа на фудбалот и гимнастиката. Беше договорен терминот за работа согласно нивните училишни обврски, а посебно внимание беше посветено на безбедноста при изведување на вежбите и значењето на редовната физичка активност за здравиот раст и развој.

Во текот на годината учениците работеа на усовршување на основните технички елементи од фудбалот, како што се додавање и примање на топка, водење на топка низ препреки, примање на топка со различни делови од телото и изведување удари кон гол. Преку различни елементарни игри и натпреварувачки активности тие ги применуваа стекнатите знаења во практични ситуации, при што се развиваа нивната брзина, координација, прецизност и тимска работа.

Во областа на гимнастиката беа обработени повеќе гимнастички елементи, како колут напред и назад, стој на раце, мост, повалка преку рамо, премет во страна, премет напред и премет назад. Учениците постепено ги совладуваа содржините според нивните можности, при што се подобруваа рамнотежата, флексибилноста, силата и општите моторички способности.

Во текот на реализацијата на секцијата особено се поттикнуваа дисциплината, истрајноста, самодовербата и меѓусебната соработка. Учениците покажаа голем интерес и активно учество во сите активности. Забележан беше напредок во нивната физичка подготвеност, моторички способности и спортско однесување. Преку реализираните содржини учениците стекнаа нови знаења и вештини, научија да ги почитуваат правилата на играта, да соработуваат во тим и правилно да го користат слободното време преку спорт и рекреација.

Со реализацијата на програмата успешно беа исполнети поставените цели и задачи. Учениците беа мотивирани и понатаму да се занимаваат со спортски активности и да развиваат здрави животни навики.

## ХОР

На почеток на учебната година беше спроведена аудиција за нови членови на хорот под водство на наставникот Тони Ѓоргиески.

Хорот ја започна наставата со 20 ученици од VI до IX од Лескоец и Косел со обработка на песната *Билјана платно белеше*, со што одговорниот наставник ја откриваше дарбата за вокална интерпретација кај учениците.

Во месец октомври се запчна со обработка песната *Ода на радоста.* Во месеците ноември и декември се обработуваше песната *So this is Christmas* и *Rockin Around*, со кои хорот настапи на Новогодишниот базар.

Во текот на второто полугодие во согласност со темата за Патрониот празник беше обработувана *Еко песна* од Зоран и Александар, со која хорот учествуваше на Патрониот празник.

## МЛАДИ ФИЗИЧАРИ

Секцијата Млади физичари ја посетуваа 11 ученици од VIII одделение, а ја водеше наставничката Цвета Андреска. Во рамките на секцијата учениците го научија редослед на активностите при изведување на експеримент, а потоа придржувајќи се на тој распоред изведуваа експерименти од електростатика, магнетизам и звук.

Учениците преку презентации изработени од наставникот беа запознати со животот и делото на Исак Њутн, Никола Тесла и Хенриета Левит, а самите изготвија презентации за „Човечкото тело систем од лостови“, „Теоријата на Големата Експлозија за настанокот на вселената“ и „ Космички брзини“.

Се разгледаа различни единици за брзина (системски и вонсистемски) и се решаваа различни нумерички задачи.

На дел од часовите се читаа занимливости од списанието „Импулс“ и се изведуваа експерименти презентирани во списанието.

Учениците научија анегдоти за некои познати физичари и досетливи шеги на сметка на физиката і ги проширија своите знаења според нивните интереси, кои се поврзани со наставната програма. Добиваа насоки за истражување, дискутираа и се поттикнуваа на критичко размислување. Искажуваа свое аргументирано мислење за различни начини за решавање на проблемите од обласка на физиката.

На 11.11.2025 десетчлена делегација од професори и доктори на науки од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, за целите на проектот „Мапирање на потенцијални геохазарди со посебен акцент на сеизмолошки податоци”, го посетија нашето училиште и одржаа едукативни предавања и интерактивни работилници за заштита од земјотрес со учениците од предметна настава.





## ДРАМСКА СЕКЦИЈА ВО ПУ КОСЕЛ

Драмската секција при ООУ „Ванчо Николески“ – Косел, под раководство на наставничката Ангела Стефановска, во текот на учебната година активно и успешно ги реализираше планираните активности, при што учениците покажаа голема посветеност, одговорност и креативност.

Во рамките на подготовките за одбележувањето на патрониот празник на училиштето, чија тема беше **„Еко нација за подобра генерација“**, членовите на драмската секција интензивно работеа на подготовка на драмска изведба инспирирана од истоимената тема, како и на музичката точка **„Сакаме зелено“**. Подготовките се одвиваа континуирано, со проби речиси секој ден по завршувањето на наставата, а по потреба и за време на викендите, што придонесе за висок квалитет на сценската реализација.

Особено внимание беше посветено на изработката на сценографијата и костимите, кои беа креативно изработени од рециклирачки материјали, како најлони, пластични капачиња, весници и други материјали, со што дополнително беше истакната еколошката порака на проектот.

Настапот на драмската секција беше одлично прифатен од присутната публика и награден со силни аплаузи и бројни пофалби. Учениците достоинствено го претставија училиштето, покажувајќи тимска работа, сценска култура, креативност и исклучителна ангажираност во реализацијата на програмата по повод патрониот празник.

## Б) Натпревари во знаење и спорт

Во однос на палнираните натпревари, учениците од одделенска и предметна настава во оваа учебна година учествуваа на општински и регионални натпревари во знаење и спорт по повеќе наставни предмети, при што постигнаа и завидни резултати.

| Р. бр. | Предмет / област | Вид на натпревар / датум / место | Ученици | Постигнат резултат | Ментор/и |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски јазик | Регионален натпревар 25.04.2026 | • Меланија Јанеска VIa;<br>• Ева Ѓузелоска IXa;<br>• Андреа Базгалоска IXб;<br>• Симона Котоска VIIIa | • Меланија Јанеска - II награда и пласман на државен;<br>• Ева Ѓузелоска - III награда и пласман на државен;<br>• Андреа Базгалоска - III награда и пласман на државен;<br>• Симона Котоска - III награда и пласман на државен | Елизабета Вељаноска; Емилија Блажеска |
| 2 | Македонски јазик | Државен натпревар 07.06.2026 | • Меланија Јанеска VIa;<br>• Ева Ѓузелоска IXa;<br>• Андреа Базгалоска IXб;<br>• Симона Котоска VIIIa | • Меланија Јанеска - III награда;<br>• останатите ученици - учество на државен натпревар | Елизабета Вељаноска; Емилија Блажеска |
| 3 | Англиски јазик | Натпревар во дебата 20.11.2026, Јахја Кемал - Струга | Тамара Зенгоска; Дејан Ванѓелофски; Филип Лолески; Јана Аслимоска; Евгенија Стојаноска; Стефани Чулческа; Ема Ефтимоска; Ребека Алехандро Ресендиз; Кирил Лазароски | Освоени две III места | Елисабета Настоска |
| 4 | Англиски јазик | Општински натпревар 14.03.2026 | • Евгенија Стојаноска IXб;<br>• Симона Котоска VIIIa;<br>• Ема Коталеска VIa;<br>• Алек Грнчески VIIa | • Евгенија Стојаноска - II награда;<br>• Симона Котоска - III награда;<br>• Ема Коталеска - III награда;<br>• Алек Грнчески - пофалница за учество.<br>Учениците со награди се пласираа на регионален натпревар | Александра Николовска; Елисабета Настоска |
| 5 | Англиски јазик | Регионален / државен натпревар | Евгенија Стојановска IXб | II награда и пласман на државен натпревар; учество на државен натпревар | Александра Николоска |

| Р. бр. | Предмет / област | Вид на натпревар / датум / место | Ученици | Постигнат резултат | Ментор/и |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Математика | Општински натпревар 30.01.2026 | • Михаил Чулчески VIб;<br>• Ристе Сандрески VIа;<br>• Михаил Базгалоски VIа;<br>• Ана Деловска VIIа | • Михаил Чулчески - пофалница<br>• Ристе Сандрески - учество<br>• Михаил Базгалоски - учество<br>• Ана Деловска - III награда | Весна Симоноска; Цвета Андреска |
| 7 | Математика | Регионален натпревар 14.03.2026 | • Михаил Чулчески VIб;<br>• Ана Деловска VIIа | • Михаил Чулчески - учество<br>• Ана Деловска - пофалница | Весна Симоноска; Цвета Андреска |
| 8 | Математика | Регионален натпревар 14.03.2026 | • Кирил Деловски Vа;<br>• Петар Ѓерѓески IV | • Кирил Деловски - I награда<br>• Петар Ѓерѓески - II награда | Марија Крцоска; Јасна Бадалоска |
| 9 | Биологија | Општински натпревар 13.02.2026 | • Анита Илијовска VIIб;<br>• Андреа Сотироска VIIIа;<br>• Тамара Зенгоска IXа;<br>• Евгенија Стојаноска IXб | • Анита Илијовска - III награда<br>• Андреа Сотироска - II награда<br>• Тамара Зенгоска - II награда<br>• Евгенија Стојаноска - II награда | Габриела Ѓоргиевска |
| 10 | Биологија | Регионален натпревар 27.03.2026 | • Анита Илијовска VIIб;<br>• Андреа Сотироска VIIIа;<br>• Тамара Зенгоска IXа;<br>• Евгенија Стојаноска IXб | • Анита Илијовска - I награда<br>• Андреа Сотироска - I награда<br>• Тамара Зенгоска - I награда<br>• Евгенија Стојаноска - I награда | Габриела Ѓоргиевска |
| 11 | Биологија | Државен натпревар 30.05.2026, ПМФ - Скопје | • Анита Илијовска VII;<br>• Андреа Сотироска VIII;<br>• Тамара Зенгоска IX;<br>• Евгенија Стојаноска IX | • Анита Илијовска - III награда<br>• Андреа Сотироска - III награда<br>• Тамара Зенгоска - III награда<br>• Евгенија Стојаноска - II награда | Габриела Ѓоргиевска |
| 12 | Природни науки | Општински натпревар 27.02.2026 | • Петар Бакрески IVа<br>• Ангела Василеска IVа<br>• Јоана Рошкоска IVа<br>• Бојан Сидороски IVб | • Петар Бакрески – III награда<br>• Ангела Василеска - III награда<br>• Јоана Рошкоска - III награда<br>• Бојан Сидороски - III награда | Јасна Бадалоска; Елизабета Јанеска |

| Р. бр. | Предмет / област | Вид на натпревар / датум / место | Ученици | Постигнат резултат | Ментор/и |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Природни науки | Општински натпревар 27.02.2026 | • Кирил Деловски V;<br>• Ева Илијовска V;<br>• Меланија Ристеска V;<br>• Тео Тодороски V;<br>• Адријана Китаноска VI;<br>• Меланија Јанеска VI | • Кирил Деловски - I награда;<br>• Ева Илијовска - III награда;<br>• Меланија Ристеска - III награда;<br>• Тео Тодороски - III награда;<br>• Адријана Китаноска - III награда;<br>• Меланија Јанеска - III награда | Габриела Ѓоргиевска |
| 14 | Природни науки | Регионален натпревар 03.04.2026 | • Петар Бакрески IVа<br>• Ангела Василеска IVа<br>• Јоана Рошкоска IVа | • Петар Бакрески – III награда<br>• Ангела Василеска - пофалница<br>• Јоана Рошкоска - пофалница | Јасна Бадалоска |
| 15 | Природни науки | Регионален натпревар 03.04.2026 | • Кирил Деловски V;<br>• Ева Илијовска V;<br>• Меланија Ристеска V;<br>• Тео Тодороски V;<br>• Адријана Китаноска VI;<br>• Меланија Јанеска VI | Сите ученици освоиле III награда. Нема пласман на државен натпревар | Габриела Ѓоргиевска |
| 16 | Физика | Општински натпревар 06.02.2026 | • Алек Грнчески VII;<br>• Симона Котоска VIII | • Алек Грнчески - III награда;<br>• Симона Котоска - III награда | Цвета Андреска |
| 17 | Физика | Регионален натпревар 04.04.2026 | • Алек Грнчески VII;<br>• Симона Котоска VIII | Учество на регионален натпревар | Цвета Андреска |
| 18 | Географија | Општински натпревар 28.02.2026, онлајн | • Никола Чулчески VI;<br>• Ева Ѓузелоска IX;<br>• Тамара Зенгоска IX;<br>• Адријана Китаноска VI;<br>• Михаил Чулчески VI;<br>• Филип Василески VII;<br>• Јана Грујоска VIII;<br>• Ивана Стеваноска VIII | • Никола Чулчески - II место;<br>• Ева Ѓузелоска - I место;<br>• Тамара Зенгоска - III место;<br>• останатите ученици - учество | Татјана Пуцоска Бунчевска |

| Р. бр. | Предмет / област | Вид на натпревар / датум / место | Ученици | Постигнат резултат | Ментор/и |
|---|---|---|---|---|---|
| 19 | Географија | Регионален натпревар 28.03.2026, ООУ „Ванчо Николески“ - Лескоец | • Никола Чулчески VI;<br>• Ева Ѓузелоска IX;<br>• Тамара Зенгоска IX | • Никола Чулчески - I место и пласман на државен;<br>• Ева Ѓузелоска - I место и пласман на државен;<br>• Тамара Зенгоска - III место и пласман на државен | Татјана Пуцоска Бунчевска |
| 20 | Географија | Државен натпревар 13.05.2026 | • Никола Чулчески VI;<br>• Ева Ѓузелоска IX;<br>• Тамара Зенгоска IX | Учество на државен натпревар | Татјана Пуцоска Бунчевска |
| 21 | ФЗО | Турнир во кошарка 3х3 по повод раѓањето на Тодор Александров 04.03.2026, ООУ „Живко Чинго“ | • Андреа Базгалоска IX;<br>• Ана Ставреска IX;<br>• Јана Аслимоска IX;<br>• Анастасија Трифуноска IX | Женската екипа освои III место | ФЗО |
| 22 | ФЗО | Општински и регионален натпревар по атлетика 11.05.2026 | • Андреа Базгалоска;<br>• Јована Јованоска;<br>• Марија Андреска | • Андреа Базгалоска - III место во трчање на 100 м и 300 м и пласман на државен;<br>• Јована Јованоска - II место во трчање на 60 м и пласман на државен;<br>• Марија Андреска - III место во трчање на 60 м и пласман на државен | Владимир Наумоски; Наталија Јованова |
| 23 | ФЗО | Државен натпревар по атлетика 19.05.2026, Куманово | • Марија Андреска | II место во трчање на 60 м | Наталија Јованова |

| Р. бр. | Предмет / област | Вид на натпревар / датум / место | Ученици | Постигнат резултат | Ментор/и |
|---|---|---|---|---|---|
| 24 | ФЗО | Училишни натпревари по шах и пинг-понг по повод патрон празник 05.-07. Мај | Ученици од предметна и одделенска настава | Постигнати резултати во шах и пинг-понг во машка и женска конкуренција | Наталија Јованова; Игор Настоски; Владимир Наумоски; Петар Киселинов |
| 25 | ФЗО | Општинска спортска лига во мал фудбал за VI и VII одд. 2026 | Ученици од VI и VII одделение | Натпреварот е во тек | / |
| 26 | ФЗО | Пионерска лига Охрид во шах 2026 | • Бојан Спироски;<br>• Алекса Лланес;<br>• Христијан Климоски;<br>• Дејан Ванѓелофски;<br>• Тамара Тодороска | Учество | / |
| 27 | Сообраќајна култура | Општински Семафор | • Матеј Кантароски;<br>• Миа Танеска;<br>• Даријан Китаноски | III место | Петар Киселинов |
| 28 | Прва помош и заштита | Општински натпревар | Јана Аслимоска; Ана Ставреска; Стефани Чулческа; Филип Бадалоски; Андреа Сотироска; Тамара Тодороска | II место на општински натпревар | Емилија Блажеска |
| 29 | Дигитална содржина / Холокауст | Конкурс „Холокаустот низ призмата на детските очи“ | Евгенија Ристеска; Стефанија Ристеска; Миа Танеска; Христијан Климоски; Фиона Ламаноска; Андреа Сотироска; Лана Зорановиќ; Тамара Тодороска; Симона Котоска; Ева Трајческа | II место со филмот „Рашела“ | Емилија Блажеска |

## УЧИЛИШНИ НАТПРЕВАРИ
## ОД ПЕДАГОШКО – ПСИХОЛОШКАТА СЛУЖБА

И оваа учебна година педагошко – психолошката служба во соработка со одделенските наставници планираа и спроведоа училишни натпревари со учениците од I - V одделение по различни и однапред определени предмети. Целта на овој училишен натпревар беше проверување на постигањата на учениците по одредени предмети/теми, согледување на степенот на писменоста кај учениците, надминување одредени евентуални недостатоци (во соработка сcо одделенскиот наставник), создавање навика дека може нивното знаење да биде проверувано и од некој кој не е нивниот наставник, како и истакнување на учениците со најдобри резултати во генерацијата. На крај од овие натпревари, резултатите се споделуаат со наставниците, се истакнувааат најдобрите генерациски постигнувања и се пофалуваат одредени ученици кои се стекнуваат со Пофалница кога ги добиваат свидетелставата на крајот од годината.

**Оваа година во одделенска настава се реализираа следниве училишни натпревари:**

- ***I одделение, Математика***: Андреј Чулчески Ia, Доне Ламаноски Iб, Илија Лазарески Iб, Даниела Редондо Трајкоски I ПУ Косел и Константин Толоманоски I ПУ Куратица.
- ***II одделение, Брзина и точност на читање***: Теодор Ристески од IIa.
- ***III одделенение, Македонски јазик***: Петар Петровски IIIб.
- ***IV одделение, Историја и општество***: Бојан Сидороски IVб и Нина Ставреска IVб.
- ***V одделение, Разбирање на прочитан текст***: Кирил Деловски од Va.

## НАТПРЕВАР: Општински сообраќаен семафор“

На 17.04.2026 год. Покрај Охридскиот кеј се одржа сообраќајно-велосипедска манифестација „Општински сообраќаен семафор“. На овој значаен настан со свој тим и забележително учество се претставија и наши ученици.

Училишниот тим со го сочинуваа учениците: Матеј Кантароски, Миа Танеска и Даријан Китаноски, под менторство на наставникот Киселинов Петар. Во силна конкуренција, нашите ученици покажаа исклучителни теоретски познавања, вештини во управувањето со велосипед, како и одличен тимски дух. Како резултат на нивниот труд и подготвеност, тимот постигна врвен успех и го освои високото трето место.





## В) Ученички екскурзии, посети и излети

Во однос на вонучилишните активности, планираните екскурзии и посети во природа се реализираа два излети, есенски и пролетен, и двата во Претор. Исто така се реализираа еднодневна екскурзија со учениците од III одделение, дводневна со учениците од VI, тридневна со учениците од IX одделение, на која ја прославија и својата полуматурска вечер, настава во природа со учениците од V одделение, како и дводневната научна ексурзија со учениците од VIII одделение во Скопје и Велес – сето тоа во рамки на планираните посети, излети, екскурзии со Годишната програма за работа во 2025/26 година.

Така, во средината на месец Мај 2026 учениците од III одделение изведоа еднодневна екскурзија низ Македонија во Прилеп и Битола. Во рамки на екскурзијата ги посетиле археолошкото наоѓалиште „Хераклеја“, Зоолошката градина, Саат-кулата и Широк сокак во Битола, а во Прилеп споменикот Могила на непобедените и фабриката Витаминка, каде учениците имале можност да се запознаат со процесот на производство на смоки и други производи. Посебен интерес кај учениците предизвика патувањето со воз од Битола до Прилеп, кое поминало во позитивна и пријатна атмосфера. Со реализација на оваа екскурзија се овозможи проширување на знаењата кај учениците, развивање на другарски односи и стекнување нови искуства преку непосредно набљудување и учење.

Учениците од VI одделение пак, крајот на Април 2026 реализираа дводневна екскурзија низ Македонија. Во Битола го посетија античкиот локалитет Хераклеа Линкестис, во кавадарци Тиквешкото Езеро, во Струмица Габровските водопади, градовите Гевгелија, Демир Капија, како и посета на Спомен домот на кралицата Марија и кралот Александар Караѓорѓевиќ. Потоа во Прилеп го посетија Спомен домот на Блаже Конески во Небрегово. Учениците беа задоволни и воодушевени од сите места и убавини што ги видоа, но и побогати со нови информации што ги научија.

Учениците од IX одделение крајот на Мај 2026 реализираа тридневна екскурзија низ Македонија, ги посетија Дебар и Дебарско Езеро, хидроцентралата Глобочица, женскиот манастир Рајчица, манастирот Св. Јован Бигорски, Маврово и Мавровското Езеро, а на крајот од првиот ден учениците уживаа во прошетка по кањонот Матка. Вториот ден ги посетија Кратово, каде се посети Саат Кулата, Музејот на Кратово и Радин мост. Потоа Св.Гаврил Лесновски, Берово, каде се посети манастирот Св. Архангел Михаил и посета на туристичкиот комплекс Бела Вода. Второто ноќевање беше во Берово каде учениците ја прославија својата полуматурска забава. Третиот учениците ја посетија Струмица, Смоларските водопади, локалитетот Стоби, Прилеп, Могилата на непобедените и градот Битола.

Сите екскурзии беа од научно - рекреативен карактер. Одговорни наставници беа одделенските раководители од III, VI и IX одделение.

Од 18 – 21ви Мај 2026 година со учениците од V одделение се реализира наставата во природа во Михајлово. За време на престојот беа реализирани воспитно-образовни активности поврзани со наставните содржини, спортско -рекреативни активности, прошетки, запознавање со природните и културните знаменитости на местото. Исто така беше посетена и фабриката „Кожувчанка“ во кавадарци. Преку непосредно набљудување и практична работа, учениците ги проширија своите знаења за природата и животната средина, развивајќи навики за соработка, одговорност и самостојност. Наставата во природа во Михајлово беше успешна и корисна за учениците од V одделение и успешно ги исполни поставените цели.

На 15 и 16.05. 2026 година ученици од VIII одделение со 3 одговорни наставнички беа на дводневна екскурзија во Велес и Скопје, со цел збогатување на знаењата од историјата, културата и традицијата, а воедно се поттикнаа на дружење, меѓусебната соработка и развивање позитивни вредности.

- На 12.09.2025 година учениците од II, III и од V одделение со одговорни наставници присуствуваа на промоција на четвртото издание на книгата „Тие доаѓаат” – од Општина Охрид.
- На 07.10.2025 година учениците од V одделение со одговорни наставници ја посетија Планинска спасителна служба при Црвен крст Охрид.
- На 14.10.2025 година учениците од V одделение со одговорни наставници беа еднодневна екскурзија „Убавините на Македонија” - Скопје.
- На 17.11.2025 година ученици од VI – IX одделение со три одговорни наставнички беа вклучени во иницијативата „Чисто е убаво - Охрид селектира“ на Градскиот плоштад во Охрид. На истата се обидуваа да мотивираат, појаснуваат и поучуваат за правилно управување со отпад.
- На 19.11.2025 година ученици од VI – IX одделение го посетија Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија и Музејот на македонската борба за самостојност, со цел запознавање со историскиот развој на македонската држава и со процесот на уништување на Евреите во Македонија во Втората светска војна.
- На 20.11.2025 година ученици од IX одделение заедно со одговорен наставник по англиски јазик беа учесници на првиот натпревар во дебата на англиски јазик-комуникациски вештини на англиски јазик во училиштето „Јахја Кемал“ во Струга.
- На 20.11.2025 година со одговорен наставник по ФЗО учениците од предметна настава од ПУ Косел беа во посета на ракометен натпревар со цел подршка на локални клубови, во спортската сала во Билјанини Извори.
- На 01.12.2025 година учениците од VIII и IX одделение заедно со нивните одделенски раководители беа во Општина Охрид на граѓанска трибина „Борба против насилство врз девојчиња и жени“, во во организација на Комисијата за еднакви можности.
- Во текот на декември 2025 година, делегација од училиштето беше присутна на свечената програма за одбележување на патронот празник на нашите побратими од ОШ „Светозар Марковиќ“ во Лесковац, Р. Србија.
- На 15 и 16.12.2025 година учениците од IX ПУ Косел со одговорен наставник беа дел од Новогодишна работилница за развивање креативност, фина моторика и целење кон готов производ, во организација на Младински центар Охрид.
- На 20.12.2026 година ученици од Училишниот парламент и Еколошката секција беа дел од активност за реупотреба на текстил, односно продажба на текстил од втора рака во Охрид Мол, преку што се подигнуваше свеста за значењето облеката да се реупотребува.
- На 04.03.2026 година ученици од VI – IX одделение под менторство на одговорен наставник по ФЗО беа дел од спортските игри во салата „Тодор Александров“ во Велгошти.

- На 27.03.2026 година ученици од VIII и IX одделение пирсуствуваа на работилница за повторна употреба на рециклирана пластика во Охридската гимназија. Учениците се запознаа со изработка на предмети од рециклирана пластика на 3Д принтер, робот за детектирање и собирање на пластичен отпад.
- На 07.05.2026 година тројца ученици од предметна настава заедно со наставник по ФЗО учествуваа на хуманитарна трка „Од срце трчај,од срце дарувај“.
- На 09.05.2026 година со ученици од VII одделение и две наставнички беа дел од Генералка викенд во Конгресен центар во Охрид.
- На 11.05.2026 година деветтодделенците беа на Отворениот ден на гимназијата, со цел да се запознаат со смеровите кои ги нуди училиштето, условите, како и стекнувањето вештини и знаења во тоа училиште за средно образование.
- Посета на спортски настан Охрид Трчат, учество на детска трка со учениците од I одделение со наставници по ФЗо и одделенските наставници.
- Посета на музички детски фестивал Распеано рибарче со ученици од I-V одделение 6 мај.

Подготвувањето и изведувањето на излетите, посетите и екскурзиите ги планираше комисија во соработка со одделенските наставници, стручната служба и директорот на училиштето. Прошетките, посетите и излетите се реализираа во работен ден пред или после часовите, без да се нарушува нормалниот тек на редовната настава и имаа едукативен карактер.

## Г) Производствена и општествено корисна работа

Активностите од ова воннаставно подрачје се целосно реализирани. Учениците најмногу време посветија на уредувањето на училниците, училишните холови, како и уредувањето на дворот и паркот. Во училиштето во рамки на можностите, членови од комисијата за естетско уредување и библиотекарот по повод различни датуми и одбележувања поставуваа изложби од ликовни и литературни творби.

Нашето училиште континуирано реализира активности и едукации за заштита на животната средина, дел од нив ги иницира еколошката секција, но во дел и се вклучува како партнер на тоа што го иницирале други субјекти, здруженија („Енхелиус Лихнид“ и „Зелен центар“).

Со многу активности учениците и наставниците од ООУ „Ванчо Николески“ ја испратија зимата и ја дочекаа пролетта. Доаѓањето на пролетта и потребата за здрава животна средина беа проткаени во низата содржини што денес се случуваа во нашето училиште. Најмалите ученици од одделенска настава го уредуваа училишниот двор, дефилираа со пролетни пароли и испраќаа пораки за грижа за животната средина. Учениците пак од предметна настава го одбележаа Денот на екологијата со акција за чистење на улиците низ Лескоец, собирање отпад низ улиците околу училиштето, го уредуваа и разубавуваа училишниот двор, а беа посадени цвеќиња и садници. Исто така во текот на акцијата, учениците испишаа голем број еколошки пораки, сакајќи да ја поттикнат еколошката свест кај сите граѓани. Во рамки на одбележување на овој ден

учениците од еколошката секција од предметна настава испратија силна порака за реупотреба на искористените материјали и намалување на отпадот. Во таа насока и со таа порака беше одбележан и Патрониот празник на училиштето.

Со еколошки активности, чистење отпад и садење цвеќиња овој ден беше одбележан и во подрачните училишта во Косел и Куратица. Со овие активности ѝ помогнавме на природата да се обои зелена, да биде без отпадоци, ѓубре и смет – за да имаме поубав свет!

Како и секоја година учениците од нашето училиште, ликовната секција и Училишниот парламент се вклучија во поддршка на лицата со ретки болести, правејќи низа креативни работилници и активности во текот на месец Февруари. Преку обоени лица, дланки, цртежи, пароли и пораки изразија поддршка за лицата со ретки болести, спремност да се подаде рака на истите и поддршка во истражувањата на светската медицина за изнаоѓање на потребни, како и ефикасни лекови.



Во активностите се вклучија и учениците од подрачните училишта, а меѓу испишаните пораки беа и следниве: **„Ретко е да си редок“, „Со ретките зближи се, за ретките погрижи се“, „Се грижиме дека сте ретки“, „Сите се деца под исто небо“, „Сами сме ретки, заедно сме силни“.**





Нашето училиште секоја година се вклучува во поддршка на лицата со ретки болести, со цел да се подигне свеста и солидарноста кон лицата кои страдаат од

ретки болести. Со тоа нашите ученици ги воспитуваме во духот на прифаќање, почитување, хуманост, помагање, толеранција и грижа за другите.

Оваа година и самото училиште во Февруари во вечерните часови го осветлувавме во различни бои, како поддршка на лицата со ретки болести.







Во второто полугодие од оваа учебна година со учениците од VII одделение, а под раководство на нивните одделенски раководители Емилија Блажеска, Татјана Пуцоска Бунчевска и Ивана Најдоска Јосифоска се реализираше проект „Училишна градина“ и „Уредување на парк“ во рамки на општествено хуманитарна работа со учениците. Проектите имаа практичен, воспитно - образовен и еколошки карактер, со цел учениците преку непосредна работа да стекнат знаења, вештини и навики за одгледување градинарски култури, грижа за природата, одговорен однос кон училишната и животната средина и активно учество во уредувањето и разубавувањето на училишниот двор. Општествено – хуманитарната работа беше воведена од страна на БРО, а интерна обука на 20 наставници за реализација на истата спроведе педагогот на училиштето, Весна Терзиоска.





## СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

Стручните органи и тела работеа според своите донесени планови и програми за оваа учебна година. Сите состаноци се реализираа во живо, како редовните, така и вонредните. Директорот и стручната служба на училиштето остваруваа активности од 6-те подрачја на воспитно - образовната дејност: *планирање и организирање на воспитно - образовната работа, следење на воспитно - образовната работа, аналитичко истражувачка работа, советодавно инструктивна работа, соработка со општествената средина и учество во подготовките и работата на стручните органи и тела.*

Директорот и стручната служба особено внимание посветија на подобрување на материјално – техничките услови за реализација на мулти - медијални часови и интерактивна настава, изготвување на годишните и оперативните планирања / сценарија, следење и оценување на упехот кај учениците. Постојано се даваше поддршка како во делот на технички аспект за реализација на наставата, така и од аспект на методичко – ддактички барања, како и одржување на редовноста, дисциплината и интересот на часовите. По потреба се реализираше советодавна работа со родители и ученици, како и консултативна работа со наставници.

Добар дел од активностите на педагогот и психологот беа посветени на советодавната работа со ученици и родители, со цел подобрување на успехот и поведението на учениците. Исто така работеа на изготвувањето на годишната програма за работа на училиштето, распределбата на часови, ангажираност на наставниците, дефинирање на приоритетите, изготвување на периодичните извештаи за воспитно - образовните резултати, вршеа увид врз планирањата од наставниците во септември и по потреба, водеа евиденција за сите следења и посети на наставата, професионално ги информираа учениците од IX одделение, ја следеа ВОР, реализираа дисеминации и интерни обуки за општетсвено хуманитарна работа, беа дел од училишниот инклузивен тим и од инклузивните тимови за УПОП, беа дел од сите состаноци на стручните активи, настапуваа со свои теми и презентации на разни стручни тела со цел подобрување на професионалните компетенции на наставниците, беа присутни на сите состаноци на одделенските и наставничкиот совет за кои подготвуваа анализи и извештаи, беа едни од носечки субјекти во процесот на Интегрална евалуација од страна на ДПИ од во Февруари 2026, изготвија правилник за справување со насилтво во училиштето и беа дел од тимот за ненасилно однесување, активно беа вклучени во програмата за одбележување на патрониот празник на училиштето, соработуваа со невладини организации, беа дел од тимот за изготвување проекти, беа координатори и носители на активности на проекти, беа поддршка на наставниците и учениците за време на наставата, беа вклучени во изготвување на Извештајот за 2025/26 година и Личниот план за професионален развој на секој наставник, а исто така го водеа процесот, вршеа набљудување и беа дел и од училишната комисија за запишување на првачиња за наредна учебна година.

Сите предвидени активности распоредени по подрачја во годишната програма, беа навремено реализирани според предвиденото и според тоа како можностите дозволуваа. Се реализираа и активности плус, кои се уредно документирани во документацијата кај ППС. За сите реализирани активности се поднесени извештаи што се дел а се дел и од изготвениот *Краен извештај за работа на училиштето*. Ги изготвија сите извештаи за завршување на учебната година. Од мај до август ги презедоа сите потребни активности за изготвување на Годишната програма за работа

на училиштето во наредната учебна година (анкети, разговори, согледување на реализираните приоритети, определување нови приоритети, распределба на часови, планирање на видовите настава, програми по подрачја, прилози и сл.). Исто така беа носители на процесот на изготвување на Самоевалуација 2026.

ППС исто така учествуваше во организирање и следење на работилници и предавања од страна на институции и невладини организации со учениците од нашето училиште. Така, се реализараа работилници за заштита од болести на зависност од Црвен Крст, сообраќајна култура Секторот за превенција на малолетници при општина Охрид во соработка со МВР, презентации на средни училишта за деветтоодеелнците, како и предавање за месечниот циклус кај девојчињата со учениците од V и VI одделение.

Воспитно – образовниот кадар од нашето училиште во текот на учебната 2025/26 година имаше можност да посети и учествува во неколку обуки и семинари, за што е се поднесени соодветни извештаи до претседателот на активнот на кој припаѓаат и истите се доставени до ППС. Семинарите и обуките беа најчесто организирани од БРО, МОН или од други организации и акредитирани институции, а исто така наставниците и самостојно професионално се усовршуваат. Најголем дел од обуките се однесуваат за успешно реализирање на наставата по одредени наставни предмети, внесување на новини во наставата, работа со дигитални алатки и сл. Стручните соработници исто така работеа на својот личен и професионален развој, а педагогот Весна Терзиоска оваа учебна година кариерно напредуваше во стручен соработник ментор. Се правеше дисеминација на активности од посетени семинари во рамките на стручните активи.

Стручните активи работеа според свој план и програма под раководство на претседателите избрани на последниот состанок од минатата година. Освен тековни прашања, размената на искуства од посетени семинари, беа третирани и стручни теми подготвени од самите наставници или од стручната служба. Програмата по активи е во целост реализирана, а активностите по седници се евидентирани во записници. На сите редовни состаноци на стручните активи беше присутна стручната служба за што водеше паралелни записници, а се вклучуваше со свои стручни теми и согледувања. На ниво на наставнички совет одлучивме од следната година сите теми на стручните активи да се со интерактивен карактер, односно од работилнилнички тип.

Одделенските совети и Наставничкиот совет работеа според своја годишна програма, која целосно е реализирана, а исто така според потребите се одржуваа и вонредни состаноци на одделенските совети и наставничкиот совет. Оваа година сите совети беа одржани во живо, а за истите има записници и список на присутни.

Соработката на училиштето со родителите се одвиваше плански на родителските средби и индувидуално по барање на родителот или одделенскиот раководител. Се случуваше одреден одделенски раководител, стручен соработник или директорот индивидуално да повика родител на разговор, се со цел да се надмине ситуацијата со неговото дете.

## СЛЕДЕЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Ова подрачје ги опфаќа следните активности:

- планирање на наставниот материјал;
- аналитичко студиска и истражувачка работа;
- водење на педагошка евиденција и документација; и
- работа на училишната библиотека.

По сите горенаведени прашања активностите течеа континуирано во текот на целата учебна година и беа успешно реализирани. Годишните планирања и според насоките од МОН беа навреме и квалитетно изготвени, а исто така редовно и квалитетно се изготвуваа и оперативните планирања. Наставниците од I, II, III, IV, V< VI и VII одделение планираа и работеа според новата концепција, за што некои од нив добија обуки во текот на месец јуни/јули или крајот на август 2025 година. Сите наставници од VIII и IX го користеа унифицираниот оперативен план изготвен од стручната служба, а останатите неделни планирања и сценарија според новата концепција. Оперативните планови / сценарија за час секојдневно се испраќаа на е-маил адреса од училиштето, неделните планирање на почетокот на рабната недела, а стручната служба водеше евиденција за истото. Во текот на учебната година по завршувањето на секој класификационен период беше вршен увид врз водењето на одделенските и електронските дневници на наставниците од страна на директорот и стручната служба. Стручната служба изготвуваше извештаи по наставни периоди за постигнувањата на учениците, кои беа разгледувани на седниците на Наставничките совети.

Сите семинари кои беа организирани од БРО и МОН во текот на годината и за кои имавме покана, беа посетени од страна на соодветни наши наставници, со што имплементацијата на евентуални промени и новини се изврши навремено.

Во текот на учебната 2025/26 година се реализираа неколку аналитичко – истражувачки активности. Се спроведе анкета со наставниците за планирање активности за следната 2026/27 година. Обработените податоци ќе бидат дел од Годишната програма за работа на училиштето за 2026/27 година. Податоците ќе се искористат за подобрување на целокупното работење во училиштето, преку поставување приоритети за следните учебни години. Исто така се спроведуваа анкети за наставници, други вработени, ученици и родители во рамки на Самоевалуацијат 2024. Податоците ќе се искористат за подобрување на целокупното работење во училиштето, преку поставување приоритети за следните учебни години.

Од страна на стручната служба и директорот, како и од државниот просветен инспектор редовно се правеше увид во водењето на педагошката евиденција и документација, посебно по завршувањето на секој класификационен период. Забелешките се внесуваа во евидентни листови за наставниците. Уредно се водеа педагошките картони и професионалните досиеја од наставниците.

Оваа учебна година за прогласување на првенец на училиштето се користеа критериумите за избор на првенец, па за 2025/26 година, а тоа беше ученичката Тамара Зенгоска, на која ѝ беа врачени диплома и награда.

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАТА ВО ЛЕСКОЕЦ

Програмата за работа на библиотекарот за учебната 2025/26 е планирана по месеци. Поголем дел од планираните активности се реализирани во текот на учебната година.

**Септември**
Извршен беше прием, распределба и евидентирање на учебниците. Изготвени беа записници за доделените учебници на учениците.
Заради поуспешно функционирање на библиотеката, како и поголема прегледност, се пристапи кон уредување на истата. За таа намена извршена е поделба на книжевниот фонд според потребите на наставната програма по македонски јазик, односно поделба на лектирните изданија по одделенија. Во соработка со наставниците по македонски јазик и одделенските наставници, направен е список на изборни лектири што недостасувааат. Извршен е упис на учениците од прво одделение.

**Октомври**
Со ликовен и литературен конкурс одбележан беше Светскиот ден на учителот - 5ти октомври. Организирана беше приредба, на која најдобрите дела беа наградени. Најуспешните творби беа изложени во холот на училиштето.
Овој месец се одбележува и правата на детето и по тој повод изработени се хамери од членовите на библиотекарската секција.

**Ноември**
Учениците ја добиваа потребната литература за време на одморите, исто така добиваа и упатства и друга помош потребна за приготвување на наставната единица по македонски јазик.



По повод месецот на книгата учениците создадоа творби на оваа тема, дел од нив беа изложени во холот на училиштето.
Во училиштето беше одржана промоција на книгата „Лили и Вили“ од младиот автор Матеа Стоев. Училишната библиотека беше збогатена со примероци од книгата, а учениците се запознаа со кратката соржина и поставуваа прашања на авторот во врска со делото.

Одбележан беше и Светскиот ден на детето – 20 ти Ноември со изработка на хамери на оваа тема од страна на учениците.

**Декември**
Со несекојдневен литературно – уметнички перформанс во НУ Библиотека Григор Прличев гостуваше познатата писателка Лили Бошевска од Битола. Посебен акцент стави на нејзиното најново дело „Самовилата со скршени крилја’’. На промоцијата

присуствуваа библиотекарот и неколку ученички. Презентирано беше богатото портфолио на писателката, но и бројните награди што ги има освојувано во Македонија и во странство. Авторот донираше дел од своите книги за училишната библиотека.





Распишан беше конкурс на тема „Новогодишна желба“, наградени беа најдобрите ученици. Со членовите на секцијата изработени беа новогодишни украси, со учество на работилница по германски јазик, кои подоцна се продаваа на новогодишниот базар. Извршено беше декорирање на холот на училиштето и ходниците со украси од хартија, елки.

**Февруари/Март**

По повод месецот на книгата беше одржан саем на книгата во трговскиот центар во Охрид. Дел од учениците и библиотекарот присуствуваа на промоција на книгата „Веселба во шумата” од детскиот поет и писател Мирко Томовски. Покрај оваа книга беа промовирани и останатите дела на поетот. Учениците разгедуваа и купуваа книги по поволни цени од разни издавачки куќи.





Со средствата собрани од Новогодишниот Базар беа купени лектирни изданија за одделенска и предметна настава.

По повод 8-ми март распишан е ликовен и литературен конкурс, а најуспешните творби се изложени во холот на училиштето.

Од страна на библиотекарот одржана е работилница со учениците од IV одделение. Со цел да се поттикне креативноста на учениците, зададени им беа два наслови на песни од Ванчо Николески: „На летување“ и „Мачорот Марко“. Тие заеднички напишаа нови песни и ги илустрираа истите.

**Април-Мај**

Во текот на овој месец се пристапи кон подготовка за натпреварот. На општинскиот натпревар „Млади библиотекари“ учествуваа следните ученички од VIII одделение: Теодора Тодороска, Андреа Сотироска и Лана Зорановиќ, а им беа доделени благодарници за учеството.



На 17-ти Април во просториите на НУ Библиотека „Григор Прличев“ е реализиран проектот „Библиотеката како потикнувач на културно-уметничката дејност кај децата и младите” од страна на Д-р. Лили Бошевска, писател и стручен соработник - библиотекар. Во него учестуваа тимови од сите основни училишта во општина Охрид. Преку реализираната работилница се поттикнаа училишните библиотеки да ги поддржуваат и промовираат уметничките таленти на децата и младите.

Библиотекарот го распиша конкурсот за најдобра литературна и ликовна творба по повод патронатот на училиштето на тема „Еко генерација за подобра нација”.

Извршена беше нарачка на учебици за следната учебна година. Изготвени беа списоци за дополнување на потребните литературни изданија во библиотеката. Извршен беше избор на ученици кои прочитале најмногу книги во библиотеката. Новите лектирни изданија и слободна литература заведени беа во библиотечната книга.

**Јуни**

По повод 114 годишнината од раѓањето на раскажувачот, романсиер и поет Ванчо Николески, библиотекари од НУ Библиотека „Григор Прличев” Охрид гостуваа во нашето училиште. Во годината кога се одбележува 80 години од излегувањето од печат на првата стихозбирка за деца на македонскијазик МАКЕДОНЧЕ чиј автор е Ванчо Николески, библиотекарите им ја презентираа на учениците збирката песни за деца МАКЕДОНЧЕ, која е првата дигитализирана книга во Библиотеката во Охрид. Учениците ја слушнаа и аудио верзијата на поемата за деца МИЦЕ. Учениците преку свои рецитации имаа можност да ја почуствуваат топлината и убавината на зборот напишан од ненадминливиот автор за деца Ванчо Николески.



Доставени беа и комплетите учебници кои се користени од страна на учениците во учебната година и сместени беа во библиотеката. Изготвени се записници за вратените учебници врз основа на извештаите од одделенските, односно раководителите на паралелките во училиштето. Направен беше список на неупотребливи учебници за отпис и расходовање од изминатите неколку години. Изготвена е програма за работа на библиотеката во наредната 2025/26 учебна година.

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАТА ВО ПУ КОСЕЛ

Работата на библиотеката и оваа учебна година се одвиваше во позајмување книги за лектири и книги по слободен избор на учениците. Во реализирање на часови по македонски јазик, во изложби, литературни читања и други активности во кои учествуваат наставниците, учениците и родителите. Библиотекарот и овојпат се грижеше за обновување на книжниот фонд по пат на донации, но апелираше и до управата на училиштето за купување на нови лектири, за што и овојпат укажуваме до директорот да планира и набавка на новите лектирни изданија за сите ученици од сите одделенија во подрачното училиште во Косел

Училишната библиотека во Косел како една од постарите училишни библиотеки е едновремено и една од побогатите во охридскиот регион, со оглед на тоа што подрачното училиште во Косел, поранешното ОУ „Гоце Делчев“ било централно училиште за сите села од Свиништа до Љубаништа.

Денес, во библиотеката задржани се повеќе илјади библиотечни единици во кои се сместени и книги и списанија и прирачници, билтени и друга стручна литература корисна за воспитно - образовниот процес и за учениците и за учителите.

По последната проверка, во училишната библиотека на ПУ „Ванчо Николески“ во Косел евидентирани се околу 1000 илјади библиотечни наслови со вкупно околу 7000 примероци, среде кои има во голем процент стари, но и застарени книги, списанија, билтени и други книжни изданија.

Библиотекарот и оваа година со свои презентации и пораки ги поучуваше и насочуваше учениците на потребата од почесто користење на книжниот фонд, но и на библиотеката како медиотека.

## СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА И СО РОДИТЕЛИТЕ

Оваа учебна година се реализираа приредби по повод одбележување одредени празници, а сите активности постојано беа промовирани преку нашата Веб и ФБ јавна страна и во локаните медиуми, од каде родителите, месното население и локалната среднина можеше да се информира со сите новини и училишни активности. Родителските средби се организираа според донесениот план, а родителите беа вклучени во животот и работата на училиштето преку Советот на родители, преку соработката со медиумите и преку Веб и ФБ страните на училиштето, што се во насока на промоција на училишните активности.

По повод Нова година во Лескоец и во подрачните училишта беа организирани новогодишни приредби. Новогодишните приредби се состоеја од изведба на рецитали и пеење новогодишни песнички од страна на учениците, а беа збогатена и со драмски претстави. На крајот од приредбата на учениците им беа подарени новогодишни пакетчиња од Дедо Мраз. Исто така, во соработка со родителите беше организиран и Новогодишен базар, каде можеше да се погледнат и купат прекрасните новогодишни изработки што учениците ги направиле заедно со нивните наставници и родители. Новогодишниот базар беше отворен со свечена приредба, а потоа продолжи со посета на штандовите со изработки од секоја паралелка/одделение. Со дел од средствата собрани за Новогодишниот базар се купија лектирни изданија за одделенска и предметна настава, со што се збогати училишната библиотека.

Оваа година училиштето својата свечена програма за патрониот празник ја подготви на тема: „Еко генерација за подобра нација!”. Тимот од училиштето одговорен за одбележување на Патрониот празник направи програма во која се вклучија наставници со ученици од сите училишта и твореа на дадената тема и со свои перформанси имаа настап во НУЦК „Григор Прличев“ во Охрид.

На ден 08.05.2026 година, нашето училиште свечено го одбележа патрониот празник со приредба на тема **„Еко генерација за подобра нација“**, која се одржа во Центарот за култура „Григор Прличев“ во Охрид. Основната цел на приредбата беше кај учениците, наставниците, родителите и останатите посетители да се подигне еколошката свест и да се поттикне одговорен однос кон природата и животната средина. Преку внимателно осмислена програма беше испратена силна порака за значењето на зачувувањето на природните богатства, правилното управување со отпадот и важноста на рециклирањето.

Во програмата учествуваа ученици од одделенска и предметна настава, кои со голема посветеност и креативност ги претставија своите точки. Чествувањето на патрониот празник свечено го отвори хорот на нашето училиште со изведба на еколошка песна, со што уште на самиот почеток беше испратена силна порака за грижата кон природата. Посебно место во програмата имаше рециталот, низ кој симболично беше истакнато значењето на дрвото, дождот, цветот, опрашувањето и чистиот воздух како незаменливи елементи за животот на Земјата. Рециталот беше проткаен со музички точки кои тематски се надоврзуваа на еколошката порака и придонесоа за свечена, едукативна и инспиративна атмосфера. Мотив за размислување и правилно дејствување кон животната средина учениците дадоа преку подготвени драмски текстови за планетата Земја. Посакаа земја која не се гуши во отпад, како и запазени еко стандарди во сите сфери на живеењето.

На наше големо задоволство, со своја подготвена точка настапија и учениците од збратименото училиште „Светозар Марковиќ“ од Лесковац, Република Србија. Нивниот настап придонесе за збогатување на програмата, а воедно ја потврди долгогодишната соработка, пријателството и меѓусебното почитување помеѓу двете училишта.

Особено внимание привлече ревијата на рециклирани костими, изработени од учениците со употреба на рециклирани и повторно употребливи материјали. Во ревијата учествуваа учениците од IX одделение, кои преку својата креативност покажаа дека отпадните материјали можат да добијат нова вредност и на интересен начин ја пренесоа пораката за важноста на рециклирањето и заштитата на животната средина.





Патрониот празник помина во свечена, позитивна и инспиративна атмосфера. Присутните имаа можност да уживаат во богатата културно-уметничка програма, а воедно да ја согледаат важноста од личниот придонес во зачувувањето на природата. Со успешната реализација на оваа приредба беа исполнети поставените воспитно-образовни цели, а испратената порака „Еко генерација за подобра нација“ уште еднаш ја потврди важноста на еколошкото образование и активното учество на младите во создавањето почиста, поздрава и поодржлива животна средина.

Училиштето остварува успешна соработка и со институции од општината и републиката (бРО, МОН, кино, музеи, театри и сл.).

Соработката со Советот на родители беше на одлично ниво оваа година, се реализираа редовните состаноци во живо и се дисутираше во интерес на учениците и училиштето како целина. Оваа учебна година новоизбраните членови од Советот на родители беа редовни на состаноците од Училишен одбор.

## ЕДНОКРАТНИ РАБОТИЛНИЦИ И НАСТАНИ СО УЧЕНИЦИ

### **Работилница** тема **„Надминување на културолошките и родовите разлики“**

Согласно Професионалниот план за личен развој, во ПУ Косел беше реализирана



едукативна работилница на тема **„Надминување на културолошките и родовите разлики“**, во која активно учествуваа ученици од одделенската и предметната настава. Работилницата имаше за цел да ги поттикне учениците да ги препознаат и почитуваат различностите, да ги надминат стереотипите и предрасудите и да придонесат кон градење училишна средина заснована на еднаквост, толеранција и взаемно почитување.



Активностите беа реализирани преку интерактивен пристап, при што учениците беа поделени во четири групи и работеа на анализа на студија на случај. Преку дискусија и тимска работа ги дефинираа поимите културолошки и родови разлики, ги анализираа можните причини и последици од дискриминацијата и презентираа конкретни стратегии за надминување на стереотипите, прифаќање на различностите и

развивање позитивна комуникација и соработка.

Во текот на работилницата беа промовирани афирмативни вредности како што се почитувањето на човековите права, еднаквоста, емпатијата, солидарноста и меѓусебното разбирање. Учениците покажаа висок степен на заинтересираност и активно се вклучија во сите предвидени активности, при што ги развиваа своите комуникациски, социјални и критичко-размислувачки вештини.

Со успешната реализација на работилницата беа унапредени знаењата и свеста на учениците за значењето на почитувањето на културолошките и родовите разлики, како и за нивната улога во создавањето инклузивна, безбедна и поттикнувачка училишна средина.

## Одбележување на Денот на велосипедизмот

По повод денот на велосипедот 03.06.2026 во ПУ Косел беше организирано пригодно одбележување на кое активно учествуваа сите ученици и вработени во училиштето. Преку заедничко возење велосипеди и едукативни активности ја истакнавме важноста од возење велосипед и ги истакнавме придобивките од истото, како:

- намалување на телесната тежина
- намалување на ризик од срцеви заболувања
- подобра функција на белите дробови
- зајакнување на мускулатурата
- подобрување на менталното здравје

На учениците им беше порачано дека велосипедите се економично превозно средство и не допринесува загадување на животната средина.

Учениците беа видно расположени и заинтересирани за возење велосипед и контатираа дека возење велосипед ќе е приоритет во нивното слободно време.





## Одбележување на Светскиот ден на спортот

Со цел подигнување на свеста за важноста на физичката активност и спортските вредности, на ден 06.04.2026 година, во училиштата во Лескоец и Косел соодветно беше одбележан Меѓународниот ден на спортот за развој и мир.

### Лескоец



На настанот во Лескоец зедоа активно учество учениците од одделенска настава. Во воведниот дел од активноста, на учениците низ едукативен разговор им беше приближно објаснето суштинското значење на спортот во секојдневниот живот, потенцирајќи дека спортот не е само игра, туку моќна алатка која обединува, инспирира и гради поправедно општество. Преку спортските активности, децата се запознаа со клучните вредности како што се тимската работа, меѓусебната почит, фер-плејот и истрајноста.

По теоретскиот и едукативен дел, настанот продолжи на училишниот спортски терен. Преку низа забавни спортски игри, полигони и натпреварувачки дисциплини, учениците имаа можност практично да ги покажат својот натпреварувачки дух, другарството и заедништвото.

Активноста помина во исклучително позитивна, весела и динамична атмосфера, при што децата покажаа висок интерес и мотивација за понатамошно спортско ангажирање, а одговорен беше наставникот по ФЗО, Киселинов Петар.





### ПУ Косел

На ден 06.04.2026 ПУ Косел беше обележан денот на спортот. Беа одржани неколку спортски активности и игри во кои активно учествуваа сите ученици. Беа одржани штафетни и елемтарни игри за учениците од одделенска настава, додека, учениците од предметна настава учествуваа во натпревари во шах и одбојка. Наставникот на учениците им објасна за важноста на спортот и спортските активности за одржување и подобрување на здравјето, ја зголемува самодовербата, го подобрува расположението, поттикнува создавање нови пријателства и подобра социјализација и друго. Учениците беа запрашани колку од нив практикуваат спорт или спортска

рекреација и на сите оние кои не практикуваат им беа дадени насоки за вклучување и практикување на некој од спортовите. Настанот помина во ведра и позитивна атмосфера. Видно беше задоволството на учениците од активностите и со радост беа прифатени истите. Во одбележувањето беа вклучени и колегите од училиштето










## Одбележување на Денот на планетата Земја

На 22.04.2026 година во ПУ Косел беше реализирана едукативна работилница по повод одбележувањето на Денот на планетата Земја. Активноста беше организирана од страна на наставничките Александра Петревски и Татјана П. Бунчевска во соработка со сите наставници, со цел развивање на еколошката свест кај учениците и поттикнување на одговорен однос кон животната средина.

Во рамките на работилницата, учениците од предметната настава беа поделени во четири групи и реализираа повеќе истражувачки и едукативни активности. Тие вршеа проценка на времето потребно за распаѓање на различни видови отпад, следеа едукативни содржини за влијанието на отпадот врз животната средина и изработија стратегии за намалување на загадувањето и правилно управување со отпадот. Дополнително, предлагаа мерки за зачувување на реките, езерата и планините, истакнувајќи ја важноста од одговорното однесување кон природните ресурси.

Учениците од одделенската настава, преку разговор и презентација, се запознаа со значењето на Денот на планетата Земја и со начините за нејзина заштита. Стекнатите

знаења ги претставија преку изработка на ликовни творби со мотиви поврзани со планетата Земја, а на балони испишаа позитивни еколошки пораки со кои ја истакнаа својата грижа и љубов кон природата.

Реализацијата на работилницата придонесе за унапредување на знаењата на учениците за заштитата на животната средина, развивање на еколошката култура, јакнење на тимската соработка и поттикнување на чувството за лична и колективна одговорност во зачувувањето на природните богатства.



Активноста беше успешно реализирана, а учениците покажаа висок степен на заинтересираност, креативност и активно учество во сите предвидени содржини.





По повод **22 Април – Денот на планетата Земја**, беше реализирана едукативно-креативна работилница и со учениците од ПУ Куратица. Целта беше да се поттикне развојот на еколошката свест и одговорниот однос кон животната средина, да се запознаат со начините за заштита на животната средина преку секојдневни активности, да развијат навики за рециклирање, селектирање отпад и рационално користење на природните ресурси и да развијат љубов и почит кон растенијата, животните и природните богатства.

Во текот на работилницата учениците активно учествуваа во повеќе активности. Тие пишуваа пораки посветени на зачувувањето на планетата Земја, изработуваа цртежи со еколошка тематика и преку заедничка работа изработија голем хамер на кој ги претставија своите пораки и илустрации.

Со својата креативност испратија силни пораки за заштита на природата, чистата животна средина, штедењето на природните ресурси, рециклирањето и грижата за растенијата и животните.

Преку овие активности учениците научија дека секој човек има важна улога во зачувувањето на планетата. Тие стекнаа сознанија за значењето на чистата животна средина, правилното управување со отпадот, важноста на рециклирањето, штедењето вода и електрична енергија, како и потребата од засадување дрвја и одговорно однесување кон природата.

Работилницата се одвиваше во позитивна и креативна атмосфера, а учениците покажаа голем интерес, активност и соработка. Преку заедничката работа успешно ја развиваа својата еколошка свест, креативност и тимски дух.







## Одбележување на Европската недела на мобилност

На 18.09.2025 со учениците од ПУ Косел како дел од Вело училишта беше обележана Европската недела на мобилност (од 16 до 22 септември). На учениците им беа дадени насоки да се понесат велосипеди и сите ученици на игралиштето пред училиштето изведуваа активности со велосипеди низ обележани патеки. Во оваа активност беа вклучени и наставниците од одделенска и предметна настава. Велосипедизмот беше промовиран како одржливо средство за превоз кое е еколошко и не загадува, здрав спорт и активност која треба да биде вклучена во секојдневниот живот на учениците. На учениците им беа дадени насоки дека возењето велосипед допринесува за:



- намалување на телесната тежина
- намалување на ризик од срцеви заболувања
- подобра функција на белите дробови
- зајакнување на мускулатурата
- подобрување на менталното здравје



На учениците им беше порачано дека велосипедите се економично превозно средство и не допринесува загадување на животната средина. Учениците беа видно расположени и заинтересирани за возење велосипед и контатираа дека возење велосипед ќе е приоритет во нивното слободно време.

## Одбележување на Европската недела на спортот

### Лескоец

На 24.09.2026 година, нашето училиште активно и со голем ентузијазам се вклучи во одбележувањето на Европската недела на спортот (23 до 30 септември). Преку организирани спортски активности во училиштето во Лескоец под менторство на наставниците Киселинов Петар и Владимир Наумоски, заеднички испративме силни пораки за важноста на физичката активност уште од најрана возраст, со цел поттикнување и негување на здрави животни навики кај младите.



Одржувањето на спортскиот и здрав дух е вредност која не соединува, бидејќи спортот не познава возрасни граници и секогаш создава исклучително позитивна енергија. Континуираното практикување на спортски активности од најмали нозе е од клучно значење, пред се за физичкото здравје, но и за целокупниот психо-социјален детски развој. Низ овие активности, континуирано ги учиме децата дека физичката активност е еден од столбовите на здравиот начин на живот.

За време на настанот во Лескоец, преку серија едукативни игри и посветена тимска работа, учениците практично се учеа на дисциплина, толеранција и меѓусебно почитување. Спортот уште еднаш се покажа како одлична платформа за промовирање на заедништвото и инклузијата, оставајќи позитивен пример за генерациите кои доаѓаат по нас.





### ПУ Косел

На 26.09.2025 пак со учениците од ПУ Косел беше обележана Европската недела на спортот, под менторство на наставникот Игор Настоски. Беа одржани неколку спортски активности и игри во кои учествуваа сите ученици. Беа одржани штафетни и

елементарни игри за учениците од одделенска настава, додека, учениците од предметна настава учествуваа во натпревари во шах и фудбал (3x3).

Учениците учеа за важноста на спортот и спортските активности за одржување и подобрување на здравјето, ги јакне мускулите и коските, го подобрува работењето на срцето и белите дробови, го подобрува имунитетот, го намалува стресот, ја подобрува самодовербата, ја поттикнува тимската работа, гради дисциплина, помага во правилен раст и развој, промовира активен и здрав начин на живот и др. Настанот помина во ведра и позитивна атмосфера. Во одбележувањето беа вклучени и колегите од училиштето.





## Хуманитарна трка во Охрид

На 07.05.2026 во организација на СОСУ „Кирил и Методиј“ во соработка со ЈП „Билјанини извори“ се одржа хуманитарната трка *„Од срце трчај, од срце дарувај за малата Ева“*. Наставникот по ФЗО Игор Настоски и учениците Ана Ставреска, Бојан Стојаноски и Мартин Тодороски учествуваа на настанот. Патеката беше долга 5 км и истата без никакви потешкотии ја поминаа. Настанот беше одлично организиран и се чуствуваше желбата кај сите да се помогне. На крајот сите добија медал (благодарница) за искажаната хуманост.






## „ОХРИД ТРЧАТ“ – детска трка



По повод светскиот ден на физичката активност 9-ти Мај, атлетскиот клуб Охрид Трчат во соработка со Сојузот на училишен спорт на Општина Охрид, по петти пат се одржа детската трка (за деца од I одделение) на која што учество зедоа и нашите ученици од Лескоец, Косел и Куратица. Трката се одржа на 13.05.2026 година на СРЦ Биљанини извори Охрид.




Во рамките на настанот, наставниците одржаа едукативни разговори со децата, запознавајќи ги со основите на атлетиката како „Кралица на спортовите”. Беше потенцирана нејзината клучна улога во правилниот физички развој, подобрувањето на здравјето и градењето на самодовербата, со акцент на тоа дека атлетиката претставува база за развој во сите останати спортски дисциплини.

На крајот од трката, во знак на поддршка за нивниот спортски дух, организаторот на сите учесници им подели голем број пригодни подароци и изненадувања, што дополнително ги израдува децата. Настанот помина во прекрасна, весела и спортска атмосфера.

## Одбележување на Денот на ретките, 29 Февруари

По повод **28 Февруари – Денот на ретки болести** беше реализирана едукативно -креативна работилница со учениците од ПУ Куратица, со цел да се поттикне развојот на свеста за ретките болести, да се развијат чувството на емпатија, хуманост, солидарност и почитување на различностите, како и да се истакне важноста од прифаќање и поддршка на лицата кои живеат со ретки болести.



Во текот на работилницата учениците беа запознаени со значењето на Денот на ретки болести, со тоа што претставуваат ретките болести, зошто се нарекуваат ретки и со какви предизвици се соочуваат лицата кои живеат со нив и нивните семејства. Се разговараше за важноста на поддршката, прифаќањето, почитувањето на различностите и еднаквите можности за сите луѓе.

Потоа следуваше креативниот дел од работилницата, при што учениците ги исцртуваа своите дланки на листови во различни бои, ги сечеа и лепеа, а потоа заеднички изработија хамер кој симболизираше

сплотеност, единство, прифаќање и поддршка. Преку заедничката изработка тие испратија порака дека, иако сите сме различни, можеме да бидеме обединети, да си помагаме и да се почитуваме.





## Работилница на тема „Заштита од земјотреси“

На 11.11.2025 десетчлена делегација од професори и доктори на науки од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, за целите на проектот „Мапирање на потенцијални геохазарди со посебен акцент на сеизмолошки податоци", го посетија нашето училиште и одржаа едукативни предавања и интерактивни работилници за заштита од земјотрес со учениците од предметна настава. Учениците имаа едукативно предавање за заштита од земјотрес за локалитетот Дувало. Главната цел на оваа активност беше да се подигне свеста кај учениците за правилно однесување пред, за време и по земјотрес, да се зајакне нивната подготвеност во случај на вакви природни непогоди, но и да се запознаат со земјотресот како природна појава.





Едукативните предавања беа придружени со интерактивна работилница, прилагодена на возраста на учениците (од VII до IX одделение) и траеја околу 2 часа, со практични демонстрации и материјали за визуелна едукација. Притоа дел од учениците добија рекламен материјал, а училиштето едукативен материјал (во вид на постери), за сеизмичноста на охридското епицентрално подрачје, мерките за заштита од земјотрес и поврзаноста на математиката и географијата со сеизмологијата.

## „Безбедност и правила за децата во сообраќајот"

Сообраќајната полиција при МВР Охрид со учениците од I одделение од Лескоец реализираа работилница на тема: "Безбедност и правила за децата во сообраќајот".

Првачињата имаа можност да научат како безбедно да се движат во сообраќајот, да разговараат и да поставуваат прашања на преставниците од полицијата.





## Посета на ракометен натпревар



Согласно со програмата за работа наставникот по ФЗО Игор Настоски ја организира посетата на ракометниот натпреварот помеѓу екипите на Охрид од Охрид и Вардар од Скопје . Натпреварот се одигра на 29.11.2025 во спортската сала „Билјанини извори" во Охрид. На учениците им беа дадени насоки да понесат навивачки реквизити: маици, шалови дресови, знамиња, балони и сл.

Пред натпреварот како и на самиот натпревар учениците се однесуваа дисциплинирано и примерно. На настанот присуствуваа учениците од предметна настава од подрачното училиште во Косел. Натпреварот заврши 26:28 за двократниот европски шампион *РК Вардар* од Скопје.



Од страна на наставникот на учениците им беше кажано за важноста и поддршката на локалните клубови дека влијае за јакнење на заедницата, чување на традицијата, поттик за бавење со спорт (ракомет и др.), за локален развој и промоција на градот. За време на натпреварот учениците дадоа огрома подршка на *РК Охрид*, навивајќи фер и коректно.

## ГРИЖА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Активности кои се реализираа во текот на учебната година, а кои припаѓаат на ова воннаставно подрачје се: одржување хигиена во училишните простории и во просторот околу училишната зграда, лична хигиена на учениците, хигиена на исхраната и водата, лекарски прегледи и вакцини, и предавања од здравствен карактер подготвени од стручната служба, општинскиот Црвен крст, Центар за јавно здравје, Медицински центар Охрид и невладини организации, како и предавање за месечниот циклус кај девојчињата со учениците од V и VI одделение. Стручната служба реализираше работилници и разговори со ученици за „Превенција и унапредување на менталното здравје“.

Со учениците од прво, второ и трето одделение од Лескоец се реализираше прекрасна и интерактивна едукативна работилница посветена на заштита на животната средина, одржана од волонтер од Црвен крст. Преку разговор и интересни активности, учениците се запознаа со штетните последици од загадувањето, како и со начините за зачувување на природата. Работилницата се одржа во пријатна и поттикнувачка атмосфера, со активно учество и интерес од учениците. Преку практична активност, учениците се потсетија како правилно да селектираат отпад, а научија колку долго време е потребно за разложување на отпадот. Погледнаа едукативно видео за важноста од примена на наученото.

На учениците од предметна настава во Лескоец им беше извршена едукација за значењето на здравата исхрана и физичката активност како превенција од дијабет, од страна на Здружението на лица со дијабет. Со учениците се разговараше за секојдневните навики, за храната што ја избираат, за спортските активности во кои учествуваат, за болестите со кои се среќаваат и за тоа како сите овие фактори се поврзуваат со дијабетот и неговите компликации. Едукацијата беше збогатена со игри и спортски активности.






Сообраќајната полиција при МВР Охрид, со учениците од I одделение во нашето училиште во Лескоец реализираа работилница на тема: "Безбедност и правила за децата во сообраќајот". Учениците научија да се заштитат како учесници во сообраќајот.

Ваквите презентации се редовна пракса во нашето училиште, со цел да се превенира и заштити здравјето на учениците, да се подобри нивната безбедност, како

и да се стекнат со одредени знаења за реагирање во конкретни ситуации што секојдневно ги демнат.

Ова година во соработка со Центарот за јавно здравје, а со поддршка од Локалната самоуправа Охрид, во училиштето два пати се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Во соработка со родителите се реализираа планираните систематски лекарски прегледи за учениците, вакцинирањето и систематските прегледи на забите на учениците од одделенска настава.

## СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во рамките на нашето училиште се реализира соработка со повеќе невладини организации.

Постојано се реализира соработка со **Црвен Крст ООЦК – Охрид**, бидејќи во нашето училиште има основна организација на Црвен Крст, а исто така функционира и Клуб на Црвен Крст, кој работеше по своја програма усогласна со програмата на ООЦК Охрид. Се одбележаа многу датуми и се спроведоа низа хуманитарни и собирни активности, со што се помогна на наши сограѓани. Овие активности се во насока на поттикнување на хуманоста кај учениците, почит кон другите, разбирање и толеранција на различните од нив и помагање онаму каде што е потребно.

Соработката со Здружението на граѓани **„Проект за македонските училишта“ („Macedonian school project“)**, кое секоја година го поддржуваат нашето училиште со донации продолжи и оваа година. Во текот на учебната 2025/26 година со нивни средства направивме набавка на 7 компјутери, принтер во боја и технички додатоци за во кабинетот по информатика во вредност од 2500$, како и донација - ламинат и поликолор за реновирање на канцеларијата од стручната служба. Овој кабинет е веќе опремен од страна на оваа организација со 3Д принтер, Endurance LED ласерска машина за гравирање, машина за пластифицирање што дозволуваат активности преку кои се потикнува креативноста кај учениците, а се збогатуваат и знаењата од областа на технологијата. Во Април 2026 добивме позитивен одговор за апликацијата доставена до Здружението на граѓани Macedonia schools project, кои на наше барање ни обезбедија смарт табла за во кабинетот по информатика. Проектот се очекува да се заврши најдоцна до декември 2026, кога треба да доставиме и извештај до MSP. Нашето училиште веќе 17 години одлично соработува со здружението **„Macedonia Schools Project”.** Преку различни заеднички проекти и нивни донации секоја година се подобруваат условите за реализирање современа настава во училиштето. Носител на Macedonia schools project во нашето училиште е педагогот Весна Терзиоска.

Официјалната соработка со **Здружение за заштита на природното и нациналното богатство ЕНХЕЛЕУС - ЛИХНИД** трае од 2024 година кога потпишавме меморандум за соработка. Целта е воспоставување и спроведување на проектни активности, насочени кон унапредување на свеста кај учениците за еколошките предизвици, заштитата на природното и културното наследство, како и промоција на здрави и одржливи практики во управувањето со отпад. Веќе неколку години сме дел од проектот „Училишта без пластика“ и заедно со ова здружение спроведуваме активности за создавање одржлив систем за селекција и управување со пластичен и метален отпад во училиштето. Како училиште без пластика учествувавме во

месечните акции за собирање отпад, во Генералка викенд, во садење на 850 садници и креирање на Сончева гора над гимназијата во Ресен, бевме дел од поп-ап настанот на Градскиот плоштад "Чисто е убаво - Охрид селектира", бевме и дел од работилница за повторна употреба на рециклирана пластика во гимназијата „Св. Климент Охридски" во Охрид, а секоја година првачињата од Лескоец и Косел имаат работилница за грижа за животната средина и садат генерациски дрва во училишните дворови.






Нашето училиште остварува континуирана, организирана и партнерска соработка со **еколошкото друштво „Зелен Центар" од Охрид**, во реализација на заеднички еколошки активности, со учество на наши ученици и наставници. Во нашето училиште беа посадени дрвја и декоративни растенија во рамки на локалната иницијатива „Еко генерација: Делуваме за промена!" која се спроведува во рамки на проектот „Да учиме за климатските промени!".

## ДЕТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУШТВА

Во нашето училиште успешно функционираат две ученички организации: Детската организација и Клубот на Црвен крст.

Детската организација работи по програма со одговорни наставници за Лескоец и за подрачните училишта. Следва извештајот со активностите реализирани во рамки на истата во училиштето во Лескоец, каде одговорна наставничка беше Марија Крцоска.

**Септември:** Со свечена пригода се реализира прием на првачиња. Учениците од V одделение се претставија со кратка приредба. Се избра раководство и се донесе програма за работа за учебната 2025/26. По повод 8-ми Септември, денот на осамостојувањето на Македонија, се прочитаа неколку творби за татковината.

**Октомври:** По повод Детската недела нашите ученици се претставија со низа активности. Во рамки на Детската недела под мотото ***„Детето денес – иднината утре!“***, учениците од V одделение од Лескоец ја посетија Планинската спасителна служба при Црвен крст Охрид. Безбедноста и грижата за другите се учат од мали нозе. Преку посетата научија како се спасуваат животи – утре можеби токму тие ќе спасуваат! Учениците учествуваа во работилници на тема: „Моите права“, „Мојот талент“, „Имам право на игра“,„ Моите емоции“, „Образованието е пасош за иднината!“ и сл. По повод Детската недела и влегувањето на првачињата во Детска организација, се реализира кратка приредба, во која првачињата гласно кажаа „Ветување“. Сите активности се групирани во кратко видео:

**https://youtu.be/7P6xR3UEre8?si=ZOSa0y1pn4lS8Nvd**

**Ноември:** По повод 7ми Ноември, денот на ослободување на Охрид се прочитаа лични творби за градот Охрид. По Повод месецот на книгата, се посети училишната библиотека, се разговараше за снабденост со книги.

**Декември:** Подготовка за Новогодишниот базар, изработка на новогодишни изработки.

**Февруари**: Раговор за ученичките натпревари, колку се значајни и важни и зошто е потребно да се реализираат. Подготовка за престојниот празник на жената 8-ми Март. Читање лични творби за мајката.

**Март**: Се реализираше еколошка акција, чистење на учлницата и дел од училишниот двор, по повод Денот на екологојата.

**Април:** По повод Велигденските празници се читаа текстови и песни, се разговараче за обичаите и подготовка за Велигденскиот базар.

**Мај:** Разговор за Денот на училиштето, финална подготовка за точката со која ќе се претставиме на свечената приредба.

**Јуни**: Анализа на работата на Детска организација, изработка на Годишен извештај. Разговор за престојниот летен распуст.

По повод одбележувањето на Детската недела, во **ПУ Косел** беше реализирана едукативна работилница под мотото **„Детето денес – иднината утре“**, во која активно учествуваа учениците од предметната настава.

Работилницата имаше за цел да ги поттикне учениците да размислуваат за значењето на детските права, позитивните вредности, меѓусебното почитување, соработката и важноста на емоционалното изразување. Преку внимателно осмислени интерактивни активности учениците во „тегла на емоции“ ги запишаа и споделија своите најубави чувства, учествуваа во игра на пантомима со цел развивање на комуникациски и социјални вештини, а на шарени балони ги запишаа основните детски права, испраќајќи порака за нивното почитување и унапредување.

Активностите се реализираа во позитивна, креативна и мотивирачка атмосфера, при што учениците покажаа голем интерес, активно учество и меѓусебна соработка. Преку работилницата тие ги продлабочија своите знаења за детските права, ја развиваа

емпатијата, самодовербата и чувството на припадност, како и свеста за сопствената улога во создавањето безбедна, инклузивна и поттикнувачка училишна средина.

Со успешната реализација на работилницата беа остварени предвидените воспитно - образовни цели, а испратена беше и силна порака дека детството треба да биде исполнето со љубов, почитување, еднакви можности и радост, бидејќи **детскиот џагор и шарените балони се симбол дека светот и иднината се во детските раце.**

По повод одбележувањето на Детската недела, во ПУ Куратица и ПУ Косел беше реализирана едукативна работилница на тема **„Детето денес – иднината утре“**, во која активно учествуваа сите ученици од подрачното училиште, под менторство на наставниците Билјана Балеска Мојсоска и Александра Петревски во ПУ Куратица, и наставничката Александра Петревски во ПУ Косел.





Целта на работилницата беше учениците да ги прошират своите знаења за детските права и обврски, да размислуваат за својата иднина и да ги поттикнат сопствените интереси, желби и амбиции. На почетокот учениците беа запознаени со основните детски права и обврски, со посебен акцент на правото на образование, еднакви можности и слободен избор на професија.



Во креативниот дел од работилницата секој ученик изработи цртеж на својата идна професија, а своите желби, цели и амбиции ги запиша и ги постави на заеднички хамер, симболично наречен **„Патоказ за иднината“**. Преку оваа активност учениците имаа можност да ги изразат своите соништа и стремежи, истовремено развивајќи креативност, самодоверба и мотивација.

Работилницата се реализираше во позитивна и поттикнувачка атмосфера, при што учениците покажаа голем интерес и активно учество. На крајот заклучија дека секое дете има право да ја избере својата професија и дека само со труд, упорност, посветеност и континуирано учење може да ги оствари своите цели и успешно да ја изгради својата иднина.

Со реализацијата на работилницата беа остварени планираните воспитно-образовни цели, а кај учениците се зајакна свеста за важноста на образованието, личниот развој и одговорното планирање на сопствената иднина.









**Клубот на Црвен крст** организира неколку сообирни акции од хуманитарен карактер во собирање парични средства за наши ученици на кои им беа потребни, со што се настојуваше да се изгради чувство на хуманост и пружање помош на други луѓе на кои таа им е неопходна. Исто така зеде учество во собирни акции по повод одбележување на разни датуми, а во согласност со годишниот календар од Црвен крст.





**Извештај за работата на Училишниот парламент во учебната 2025/26 година**

Согласно изготвен план и програма за работа во учебната 2025/26 година во нашето училиште работеше Училишниот парламент под раководство на наставничката Александра Петревски. Учениците посветено и ажурно ги реализираа поставените цели во програмата за работа.

***Беа реализирани следните состаноци, активности и работилници:***

**Септември** - по пат на фер и демократско гласање беше избран претседател на парламентот (Миа Танеска) и двајца ученици (Тамара Зенгоска и Андреа Сотироска) претставници на Училишен одбор. Исто така беа запознаени со планот и програмата за работа на Училишен парламент.



**Октомври** - прикажана презентација за Детски права и беше изготвена листа со детски права. Исто така беше прикажана прикажана презентација за Право на живот, која беше спроведена дискусија во круг, со цел споделување важни сегменти од сопствениот живот.

**Ноември** - Учество на еко случувањеа „Чисто е убаво- Охрид селектира“, спроведена беше дискусија за значењето и важноста да се селектира отпад и направена беше -презентација пред соученици за стекнати сознанија од еко случување. Исто така беше презентиран план за обележување на 20ти Ноември ден на детето и спроведена беше работилница за важноста на детските права и обврски.






**Декември** – се направи план за изготвување украсни лампиони со детски права. Потоа се направи подготовка на лампиони и украсување елка со лампиони со детски права. Исто така учениците од училишниот парламент беа запознаени со барањето на Комисијата за исполнетоста на Професионални стандарди за напредување на кандидат во стручноот соработник педагог од нашето училиште, во стручен соработник ментор.



**Февруари** – се направи план за обележување на Денот на ретките болести, односно ученичките Миа Танеска и Тамара Зенгоска од Ученички парламент со презентација и едукативна работилница за ретки болести ги запознаа учениците од прво одделение.







**Март** – се направи подготовка и план за повторно учество на ЕКО базар „Стоп за брзата мода“, селекција на алишта, обувки и играчки за базарот.

**Април** - учество на ЕКО базарот „Стоп за брзата мода“ и се дискутираше за нејзините негативни последици по планетата земја.



# ПРОЕКТИ

## ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ:

### ПРОЕКТ: Изградба на спортска сала во Лескоец

Во ООУ "Ванчо Николески" во Лескоец продолжија активностите за изградба на големиот капитален и значаен проект за учениците од училиштето и жителите од Лескоец, односно изградбата на спортската сала. Проектот е финансиран од општна Охрид, а се реализираше според претходно изготвен и одобрен проект, изработен според соодветни стандарди.

Спортската сала се заврши во текот на оваа учебна година и е изградена по сите современи стандарди и опремена е со современа спортска опрема. Свечено беше отворена на 21 Април 2026 година, кога беа организирани натпревари во спортски игри со сите училишта од општина Охрид во организација на Сојуз за училишен спорт. Од тогаш наставата по ФЗО се реализира во салата, со што нашите ученици и наставници конечно добија соодветни услови за реализирање на наставата по ФЗО, за спортување и правилен физички развој.






**ПРОЕКТ: Набавка на 7 нови компјутери во Кабинетот по информатика**

Како поддршка за работењето на 3Д секцијата при ООУ „Ванчо Николески“, беше изготвен проект и преку здружението на граѓани од САД **„Macedonia schools project“** во училиштето обезбедивме 7 нови компјутери за кабинетот по информатика и други технички додатоци за компјутерите. Со сите машини со кои е опремен кабинетот по информатика преку ова здружение и со овој тип активности ќе се потикнува креативноста кај учениците, а ќе се збогатуваат и знаењата од областа на технологијата.

Нашето училиште веќе 17 години одлично соработува со здружението **„Macedonia Schools Project”.** Преку различни заеднички проекти и нивни донации секоја година се подобруваат условите за реализирање современа настава во училиштето.

## Проект: „Fit and Sweet“

Согласно изготвен план и програма за работа по предметот *Иновации*, оваа година во нашето училиште со ученици од ПУ Косел се реализираше проект за изработка и промоција на иновативен готов производ – **Fit and Sweet** здрави колачи.

Учениците од IX одделение успешно ги реализираа предвидените проектни активности, при што изработија SWOT анализа, лого, реклама и финален производ – здрави колачи.

На 20.05.2026 година беше организирана презентација и дегустација на производот пред учениците и наставниците во ПУ Косел. Преку презентацијата учениците ги претставија своите идеи, креативност и претприемачки вештини, промовирајќи здрав начин на исхрана и значењето на иновативноста во изработката на готов производ.










## Проект: Училишна градина

Во текот на учебната година беше реализиран проектот од областа на општествено - хуманитарната работа под наслов „Училишна градина“. Проектот имаше практичен, воспитно-образовен и еколошки карактер, со цел учениците преку непосредна работа да стекнат знаења, вештини и навики за одгледување градинарски култури, грижа за природата и одговорен однос кон училишната средина.

Проектот го реализираа ученици од VIIа и VIIб одделение, под менторство на одговорните наставници: Емилија Блажеска и Татјана Пуцоска Бунческа. Во активностите беа вклучени 20 ученици, организирани во четири групи, со ротирачки улоги: координатор, задолжен за алат и логистика, задолжен за мерење и обележување,



записничар и задолжен за хигиена и безбедност. На тој начин учениците имаа можност да развиваат тимска работа, одговорност, соработка и самостојност.



Главна цел на проектот беше уредување и одржување училишна градина, засадена со неколку градинарски култури: ротквица, спанаќ, рукола, кромид и лук. Проектот опфати повеќе фази: тематски обуки, избор и подготовка на простор, обезбедување матријали, чистење на теренот, оформување леа, сеење и садење, редовно одржување, следење на растот, берба, подготовка на промотивен материјал и организирање училишен базар.

Во почетната фаза учениците се запознаа со значењето на училишната градина, условите потребни за одгледување растенија, изборот на култури и основните правила за безбедна и одговорна работа. Беа реализирани активности за истражување на просторот во училишниот двор, разговори за потребните материјали и планирање на начинот на работа. Учениците учеа како се подготвува почва, како се поставува картон и компост при леа, како се обележуваат редови и како правилно се сее и сади.



Во практичната фаза учениците активно учествуваа во чистење на теренот, подготовка на леата, поставување картон, нанесување компост, обележување делови и редови, сеење спанаќ, ротквица и рукола, како и садење арпаџик и лук. Во текот на следните недели редовно се следеше никнувањето на растенијата, се вршеше полевање, плевење, проредување и механичка заштита од штетници. Учениците ги набљудуваа промените кај растенијата и стекнаа практични знаења за раст, развој и грижа за градинарски култури.



Во завршната фаза беше реализирана берба на дел од културите. Учениците се запознаа со правилата за хигиена при берба, миење, сушење, пакување и етикетирање на производите.

Со реализацијата на проектот учениците стекнаа практични знаења за одгледување растенија, развија еколошка свест и почувствуваа лична одговорност за заедничкиот простор. Тие научија дека храната бара труд, трпение, грижа и континуирана работа. Проектот придонесе и за развивање на хуманитарни и општествени вредности, како соработка, меѓусебна помош, почитување на трудот, одговорност кон природата и активен придонес во училишната заедница. Учениците покажаа интерес и мотивираност за работа, особено во практичните активности на садење, одржување и берба. Работата во групи овозможи секој ученик да се вклучи според своите можности, а ротирачките улоги придонесоа за поголема рамноправност, самостојност и одговорност.

Проектот „Училишна градина“ успешно ја оствари својата цел. Училишниот двор доби уреден и функционален простор, а учениците добија можност преку практична работа да учат за природата, здравата храна, одржливоста и значењето на заедничката грижа. Активностите имаа позитивно влијание врз учениците и може да послужат како добра основа за продолжување и проширување на проектот во следната учебна година.



Општествено-хуманитарната работа преку проектот „Училишна градина“ овозможи поврзување на наставата со реалниот живот, развивање практични вештини, еколошка свест и чувство на одговорност кај учениците. Проектот претставува успешен пример за учење преку работа, соработка и активен придонес во училишната заедница.

## Проект: Уредување парк

Во текот на учебната година беше реализиран проектот од областа на општествено-хуманитарната работа под наслов „Уредување парк во подрачното училиште во Косел со садење цвеќиња од семка“.

Проектот имаше еколошки, воспитно образовен и практичен карактер, со цел учениците да развијат чувство за одговорност, грижа за животната средина и активно учество во уредувањето и разубавувањето на училишниот двор.

Проектот го реализираа учениците од VII одделение во ПУ Косел, под менторство на наставничката Ивана Најдеска Јосифоска.

Главна цел на проектот беше уредување и разубавување на паркот во подрачното училиште преку чистење на отпад, косење на трева, чистење и одржување на лулашки и клупи, подготовка на цветни леи, садење цвеќиња од семка, редовно наводнување и грижа за зелените површини.

Во почетната фаза учениците се запознаа со значењето на уредената животна средина, планираа активности и подготвија потребни материјали и алат. Беа организирани активности за чистење на дворот и отстранување на отпадот.

Во практичната фаза учениците активно учествуваа во косење и уредување на зелените површини, подготовка на цветните леи и садење цвеќиња од семка. Во текот на следните недели редовно ги наводнуваа и одржуваа насадите, следејќи го нивниот раст и развој.

Со реализацијата на проектот учениците стекнаа практични знаења и вештини за уредување и одржување на зелени површини, развија еколошка свест и чувство на одговорност кон заедничкиот простор. Тие научија дека за создавање пријатна и убава средина се потребни труд, соработка и континуирана грижа.

Проектот придонесе за развивање на тимска работа, меѓусебна помош, одговорност и почитување на природата. Учениците покажаа голем интерес и мотивираност за практичните активности и активно се вклучија во сите фази на реализацијата.

Проектот „Уредување на парк“ успешно ја оствари својата цел. Училишниот двор доби уреден и разубавен простор со засадени цветни насади, а учениците добија можност преку практична работа да придонесат за подобрување на училишната средина.

Општествено-хуманитарната работа преку проектот „Уредување на парк“ овозможи развивање на еколошка свест, практични вештини и чувство на одговорност кај учениците, претставувајќи успешен пример за активно учество и придонес во училишната заедница.

## УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ

### ETWINNIG проекти

Учениците од предметна настава од нашето училиште во Лескоец и оваа учебна 2025/26 беа дел од Е-твининг проект, под раководство на наставничката по англиски јазик Елисабета Настоска.

Целта на овие проекти е учениците да учат на креативен и релаксиран начин и низ интересни и стимулативни активности поврзани на дадената тема да поминуваат интересни фази и цели од проектот. Сите ученици самостојно креираат дигитални содржини и успешно презентираат пред другите партнери во проектот. Проектите ги развиваат моторните и интелектуалните способности, креативноста и трпеливоста, ја поттикнуваат имагинацијата, развиваат чувство за естетика и логично размислување.

**Проект: Easy English with AI** – во кој беа вклучени ученици од VIII и IX одделение, а партнери беа ученици од Македонија, Турција, Грција, Полска, Литванија и Романија. Целта на овој проект е да им се помогне на учениците да научат основен англиски речник и изрази на забавен и ефикасен начин.




- ✓ Да се охрабрат учениците безбедно, одговорно и креативно да користат алатки за вештачка интелигенција.
- ✓ Да се поддржат учениците во креирање едноставни реченици, кратки текстови и мини дијалози на англиски јазик.
- ✓ Да се зголеми мотивацијата и самодовербата на учениците во учењето англиски јазик преку дигитални активности.
- ✓ Да се промовира соработка и комуникација меѓу партнерските училишта.
- ✓ Да се развијат вештини за дигитална писменост и решавање проблеми кај учениците. - Да се создаде заедничка дигитална книга за час насловена како „Лесен англиски со вештачка интелигенција“ како финален производ на проектот.
- ✓ Да им се покаже на учениците дека технологијата може да се користи не само за забава, туку и за учење.

Сите активности, презентации и видеа се постирани на Е-твининг платформата.

**Проект: Superheroes of the future** - во кој беа вклучени ученици од VII одделение, а партнери беа ученици од Македонија, неколку училишта од Турција и Романија и Јордан. Целта на овој проект беше:

- ✓ Да се подобрат животните вештини на учениците

- ✓ Да се подобрат вештините за разбирање на читањето и изразување
- ✓ Да се подигнат инклузивни и самоуверени поединци кои можат да препознаваат дезинформации во нивните животи.
- ✓ Да се поврзе математичкото размислување со секојдневниот живот
- ✓ Да се подигне свеста за животната средина и науката
- ✓ Да се промовира безбедна и одговорна употреба на дигитални алатки
- ✓ Да се поддржи соработката, емпатијата и одговорноста

Во овој процес, децата стекнаа животни вештини, чувство на одговорност, емпатија, дигитална писменост и свест за безбедно користење на интернет, како и искуство во меѓународна соработка. Тоа се опфати преку раскажување приказни, драма и активности базирани на игри. Концептите за нула отпад и рециклирање беа зајакнати преку практични примени, и се всадија универзални вредности. Учениците не само што стекнаа одредени животни вештини, туку развиваа и способности за самоизразување и се запознаа со различни алатки на Веб 2.0. Низ целиот проект, се поврзуваа писменоста, англискиот јазик, науката и дигиталните вештини со ситуации од реалниот живот при тоа развивајќи вештини за решавање проблеми, одговорност, соработка, критичко размислување и дигитално граѓанство. Покажа мотивираност, креативност и успешно ги реализираше поставените задачи, постигнувајќи успех на трето највисоко ниво.




Нашето училиште беше дел од меѓународната публикација „Skills Without Borders Online International Workshop“: https://heyzine.com/flip-book/d35f60ef2b.html#page/42. Наставничката по англиски јазик Елисабета Настоска и ученици од VI и VIII одделение, како и партнери од неколку училишта од Турција, Романија и Јордан, го претставија нашето училиште како членови на меѓународниот eTwinning проект **SUPERHEROES OF THE FUTURE**. Проектот е вклучен во официјалната публикација „Skills Without Borders Online International Workshop“, каде што е претставен како пример за успешна меѓународна соработка, иновативен пристап и квалитетна реализација на eTwinning активности.

**Проект : Easter postcards – Traveling through languages** - во кој беа вклучени ученици од VI одделение, а партнери беа ученици од Македонија, Италија, Романија, Словачка, Литванија, Хрватска, Полска, Грција, и Шпанија.




Овој проект претставува меѓународен училишен проект насочен кон промовирање на културно вмрежување и јазична разновидност кај учениците на возраст од 6 до 14 години. Учесниците се претставуваат на својот мајчин јазик и создаваат велигденски честитки, кои ги споделуваат со своите странски партнери на дигитални платформи. Преку овие активности, учениците учат за велигденските традиции едни на други, споредувајќи ги

карактеристиките на различните европски јазици. Програмата се фокусира на соработка и развој на емпатија, помагајќи им на децата да учат странски јазици на разигран начин. На крајот од процесот, заеднички креираната визуелна и текстуална содржина ќе биде прикачена на е-твининг платформата.







## ИЗВЕШТАЈ ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА

Во годишната програма за работа на училиштето, согласно препораките од МОН беа планирани активности за антикорупциска едукација на учениците. Планирани и реализирани беа повеќе активности за антикорупциска едукација за спроведување во текот на учебната 2025/26. Беа планирани и спроведени следниве активности: предавање, презентација, работилница и дебата на соодветни наставни содржни по предметот Граѓанско образование VIII и IX одделение.

Според планот и програмата дебати за Антикорупција беа вклучени во наставните содржини:

1. Медиумите во демократското општество *(корумпирани и некорумпирани медиуми)*

2. Демократија

3. Власта во функција на граѓаните *(презентација за антикорупција)*

Преку разговор, дебата и дискусија се поттикнуваше антикоруптивна свест кај учениците, се развиваше критички став и неприфаќање на коруптивни понуди. Се нагласуваше почитување на демократски права, живот во некорумпирано општество и користење на слобода на говорот на јавните гласила, при што граѓаните би следеле некорумпирани и независни медиуми.

Со учениците беше реализирана работилница, на која беа запознати со поимот корупција/антикорупција, беше спроведено истражување за корупција, беше изготвен хамер со техника мисловна мапа на проблеми, како и споделување на индивидуални

чувства и мислења на учениците. Програмата за Антикорупција тековно беше вклучена во обработка на наставните содржини по Граѓанско образование во IX одделение, често се организираа дебати по соодветни примери за корупција, а учениците ги искажуваа своите мислења.

Во рамки на оваа програма се направија исражувања и изучување на помите: корупција, примање/давање мито, непотизам, врски/ протекции, изнуда.

Учениците ја истакнаа својата желба да живеат во правна држава и демократско општество каде ќе се почитуваат човековите права и нема да има мито и корупција.

Програмата за антикорупција е корисна за учениците, особено е поврзана со содржините на предметот Граѓанско образование и истата им овозможува на учениците да ја подигнат својата свест, да превземат иницијатива за демократско живеење, за еднакви права и да развијат став против корумпирано општество.

## ЗАКЛУЧОЦИ:

1. Наставниот план и наставната програма во сите паралелки и по сите предмети се целосно реализирани, се реализираа вкупно 180 наставни дена.

2. Образовните резултати се 4,09 и се малку послаби во однос на минатогодишните - 4,14.

3. Редовноста, дисциплината и поведението оваа учебна година беа надвор од рамките на очекувањата. Но, навремено се реагираше и се решаваа проблемите од недисциплино однесување, а изречените педагошки мерки беа повлечени на крајот од годината, така што сите ученици на крајот се оценети со примерно поведение.

4. Беше формиран тим за справување со насилство и изготвен Правилник за постапка при појава на насилно однесување.

5. Учениците учествуваа на општински и регионални натпревари во знаење и спорт, а многу од нив се стекнаа и со пласман за државен натпревар, каде исто така имавме освоени две II награди (по биологија и ФЗО) и четири III награди (по македонски јазик и биологија), како и едно II место на национален конкурс за филм, со што успешно се промовираше училиштето.

6. Нашето училиште продолжи со реализација на проекти, и тоа: Проект за училишта без пластика со Лихнид енхелус, Еколошки проект со Зелен центар, Е-твининг проекти и Проект за македонските училишта. Одобрен ни е и еден Еразмус проект за обука на наставници што треба да се реализира до декември 2026.

7. Успешно имплемнтирана Општествено хуманитарна работа со учениците од VII одделение во облик на проектите: „Училишна градина“ во Лескоец и „Уредување на училишен парк“ во ПУ Косел.

8. Завршена изградбата и целосно опремена спорстка сала, ставена во употреба на 21 април 2026.

9. Посетени од тим инспектори и реализирана Интегрална евалуација, успешно оценети со оцена 3,18.

10. По прв пат организирана и успешно реализирана настава во природа со учениците од V одделение.

11. Сите активности континуирано се документираа и се промовираа преку локалните медиуми и/или Веб и ФБ страните на училиштето, кои постојано се ажурираа со нови податоци.

12. Постојано се работи на подобрување на условите и опременоста на училиштето. Обезбедена 1 смарт табла за кабинетот по информатика.

## ЗАДАЧИ:

1. Јакнење на капацитетите на училиштето за организирање и реализирање современа настава.

2. Рамномерно распределување на работните задачи меѓу воспитно – образовниот кадар и зголемување на преземањето одговорност во реализација на активности надвор од редовните часови - зајакнување на чувството на припадност и колективната свест.

3. Интеративни рабитилнички принцип на работа на стручните активи од следната учебна година.

4. Задржување на силните страни, подобрување на слабите страни и имплементирање на препораките детектирани од Интегралната евалуација.

5. Вклучување во нови проекти и продолжување со реализација на постоечките проекти.

6. Реализирање на приоритетите поставени во Годишната програма за работа на училиштето.

**Јули, 2026**

**Извештајот го изготви**
**стручната служба**

**ООУ „Ванчо Николески“**

## Прилози: Извештаи од реализирани екскурзии 2025/26

## ИЗВЕШТАЈ

од еднодневната екскурзија низ Македонија со учениците од III одделение

На 15.5.2026 година се реализира еднодневна екскурзија со учениците од трето одделение на релација Охрид – Ресен – Битола – Прилеп. Екскурзијата беше реализирана согласно предвидената програма и планираните активности.

На истата учествуваа учениците од III одделение од централното училиште и подрачните училишта, под раководство на одделенските раководители: Елеонора Ѓорѓиеска, Ивана Крстаноска и Мартина Настоски.

Во текот на екскурзијата учениците ги посетија археолошкото наоѓалиште „Хераклеја“, Зоолошката градина и Саат-кулата во Битола. Посебен интерес кај учениците предизвика патувањето со воз од Битола до Прилеп, кое помина во позитивна и пријатна атмосфера.

Во Прилеп беше реализирана посета на фабриката „Витаминка“, каде учениците имаа можност да се запознаат со процесот на производство на смоки и други производи. Потоа учениците имаа организиран ручек и одмор во пицерија, а по ручекот се разладија и уживаа со сладолед. На крајот од екскурзијата беше посетена и Могилата на непобедените.

Екскурзијата помина успешно, безбедно и во согласност со планираните цели. Учениците покажаа примерно однесување, интерес и активност во текот на сите реализирани содржини. Со реализацијата на екскурзијата се овозможи проширување на знаењата, развивање на другарски односи и стекнување нови искуства преку непосредно набљудување и учење.

## ИЗВЕШТАЈ

од дводневната екскурзија низ Македонија со учениците од VI одделение

Од 29 до 30 април 2026 година беше изведена дводневна екскурзија низ Македонија.

**29.4.2026** - Патувањето започна од дворот на ООУ„Ванчо Николески“-Лескоец, Охрид преку Ресен до Битола каде што се посети античкиот локалитет Хераклеа Линкестис. Со посетата на овој локалитет учениците ги збогатија своите знаења со археолошките остатоци од римско време, каде што централно место зазема Римскиот театар. Прошетката продолжи кон Кавадарци со посета на Тиквешкото Езеро каде што учениците уживаа во убавините на езерото, а воедно и заеднички се рекреираа. Продолживме кон Струмица со посетата на Габровските водопади. Учениците беа воодушевен од убавините на водопадите и прекрасната природа. Ноќевање во Струмица.

**30.4.2026 година** - со учениците се упативме кон Гевгелија, Демир Капија и посета на Спомен домот на кралицата Марија и кралот Александар Караѓорѓевиќ. Учениците ги збогатија своите знаења за животот на кралското семејство Караѓорѓевиќ во турско време, уживаа во убавините на овој амбиент, а воедно и се дружеа. Патот го продолживме кон Прилеп каде што го посетивме Спомен домот на Блаже Конески во Небрегово.Учениците беа воодушевени од амбиентот и условите во кои бил роден и пораснал нашиот македонски великан Блаже Конески, животот и условите во коишто живеел во минатото и неговата заложба како кодификатор на современиот македонски литературен јазик. Се упативме во Прилеп, користејќи го слободното попладне, а потоа патот го продолживме кон Охрид. Во Лескоец стигнавме во вечерните часови.

Во текот на екскурзијата се посетија многу природни убавини: Тиквешко езеро, Габровски водопади, археолошки локалитети, Спомен куќи. При посетите учениците се запознаа со најважните карактеристики на посетените објекти. Ги проширија своите знаења за животот во Македонија. Учениците се запознаа со одредени правила и норми на однесување во различни објекти и имаа можност да се рекреираат и дружат, а при тоа добија и одредени информации кои ќе им помогнат во совладување конкретни цели по различни предмети: македонски јазик, географија, историја.

Преку посетата на градовите низ Македонија учениците имаа можност да го споредат својот начин на живот со начинот на живот во другите градови. На тој начин ги проширија своите знаења од општата култура на живеење, со цел да се развие патриотизмот и прифаат различностите кај луѓето во Македонија.

Учесници во екскурзијата беа учениците од VI одделение од Лескоец и ПУ Косел. Со учениците постојано беа присутни наставниците: Елизабета Велјаноска, Елисабета Настоска, Љубица Ангова и образовен асистент Нина Несторoска. Во текот на патувањето присутни беа и доктор, како и пратител од агенција која ја изведуваше екскурзијата.

## ИЗВЕШТАЈ

од тридневната екскурзија низ Македонија со учениците од IX одделение

Од 26 до 28 мај беше изведена тридневна екскурзија низ Македонија.

**26 мај** – Патувањето започна од дворот на ООУ„Ванчо Николески“-Лескоец, Охрид преку Дебар и Дебарско Езеро, со посета на хидроцентралата Глобочица, женскиот манастир Рајчица и  манастирот Св. Јован Бигорски. Прошетката продолжи со разгледување на Мавровско Езеро и убавините на Маврово. А потоа се продолжи кон Матка, каде учениците уживаа во прошетка по кањонот Матка. Првото ноќевање беше во Скопје.

**27 мај** - вториот ден патувањето продолжи кон Кратово, каде се посети Саат Кулата, Музејот на Кратово, Радин мост. Се продолжи до манастирот Св.Гаврил Лесновски и Берово, каде се посети манастирот Св. Архангел Михаил и посета на туристичкиот комплекс Бела Вода. Второто ноќевање беше во Берово каде учениците ја прославија својата полуматурска забава.

**28 мај** - третиот ден патувањето продолжи кон Струмица каде се посетија и уживаа во убавините на Смоларските водопади, потоа кон Кавадрци и посета на локалитетот Стоби, посета на Прилеп и Могилата на непобедените. Попатно ја посетивме и Битола.

При посетата учениците се запознаа со најважните карактеристики на посетените објекти преку локалните водичи. Ги проширија своите знаења за црковниот живот низ црквите и манастирите во Македонија. Учениците се запознаа со одредени правила и норми на однесување во верските објекти, а добија и одредени информации за верскиот живот кај други религии кои егзистираат на овие подрачја. Овие активности ќе им помогнат во совладување на конкретните цели по предметот историја. Учениците се запознаа и со природните убавини на Македонија, како Дебарско Езеро, Матка, Смоларските водопади и имаа можност да се рекреираат и дружат. Овие активности ќе им помогне во совладување на конкретните цели по предметот географија. Кога се посети ХЕЦ Глобочица учениците се запознаа со начинот на производство на струја, што ќе им помогне во совладувањето на целите по предметот физика. Преку посетата на градовите низ Македонија учениците имаа можност да го споредат својот начин на живот, со начинот на живот во другите градови. На тој начин ги проширија своите знаења од општата култура на живеење, со цел да се развие патриотизмот и прифаќањето на различностите кај луѓето во Македонија.

Учесници во екскурзијата беа учениците од деветто одделение од Лескоец и Косел. Со учениците постојано беа присутни наставниците Габриела Ѓоргиевска, Весна Симоноска и Игор Настоски. Присутен беше и доктор во текот на патувањето, како и пратител од агенцијата која ја изведуваше ексурзијата.

Учениците од 9 одделение имаа прослава на полуматурска вечер во Берово.

**ИЗВЕШТАЈ**

од настава во природа во Михајлово

Според Годишната програма на училиштето беше планирана Настава во природа во Михајлово, а истата се реализира во периодот од **18.05.20206 до 21.05.2026** во **Михајлово** со учениците од V одд. од Лескоец, ПУ Косел, ПУ Куратица и трите одговорни наставнички: Марјана Крстаноска, Марија Крцоска и Даниела Чифлигароска.

За време на престојот беа реализирани воспитно-образовни активности поврзани со наставните содржини ,спортско-рекреативни активности, прошетки, запознавање со природните и културните знаменитости на местото.

Се реализираа следниве активности:

- Наставни часови во занимална според распоредот и неделното планирање;
- Прошетка низ шумата и набљудување на растителниот и животинскиот свет;
- Собирање и идентификување на различни видови листови и цветови;
- Едукативен разговор за значењето на заштитата на природата;
- Игри и натпревари на отворено за поттикнување на соработка и физичка активност;
- Посета на фабриката „Кожувчанка“, пакување на минералната вода.

Учениците покажаа интерес и активно учество во сите активности. Преку непосредно набљудување и практична работа ги проширија своите знаења за природата и животната средина развивајќи навики за соработка, одговорност и самостојност.

Наставата во природа во Михајлово беше успешна и корисна за учениците од петто одделение. Таа им овозможи практично учење, дружење и развивање на одговорност кон природната средина. Наставата во природа успешно ги исполни поставените цели.

## ИЗВЕШТАЈ

за реализирана дводневна екскурзија во Скопје и Велес

Во согласност со Годишната програма за работа на училиштето, на 15 и 16 мај 2026 беше реализирана дводневна екскурзија за учениците од VIII одделение, во придружба на наставниците Александра Петревски, Емилија Блажеска и Елена Митреска.

Во текот на првиот ден од екскурзијата учениците најнапред го посетија Собранието на Република Македонија во Скопје, каде што имаа можност да се запознаат со работата и значењето на законодавниот дом. По посетата на Скопје, патувањето продолжи кон Велес. По пристигнувањето, учениците беа сместени во интернатот „Лазар Лазарески", каде што ноќеваа. Во попладневните часови беше реализирана прошетка низ градот Велес, при што учениците се запознаа со културните и историските знаменитости на градот.

Вториот ден, во придружба на кустос, учениците ја посетија Спомен - куќата на Кочо Рацин, каде што се запознаа со животот и творештвото на еден од најзначајните македонски поети и револуционери. Потоа беше реализирана посета на Спомен - костурницата во Велес, каде што учениците добија информации за историското значење на овој споменик и за настаните поврзани со Народноослободителната борба.

Екскурзијата беше успешно реализирана согласно предвидената програма. Учениците покажаа голем интерес, дисциплина и одговорно однесување за време на сите активности. Преку посетените локалитети тие ги збогатија своите знаења од историјата, културата и традицијата, а воедно се поттикнаа на дружење, меѓусебната соработка и развивање позитивни вредности.